Предговор

Времето минува бргу. По повеќе од сто и шеесет години оваа стара планета е подготвена за славното Христово доаѓање на облаците на славата. На што треба да го фокусираме нашето внимание во овие последни часови? На небесниот Ханан, се разбира, и на тоа како да се подготвиме себеси и другите за да влеземе таму.

Предмет на проучување во ова тримесечје претставува продолжение на *Христијанинот во својство на управител.* Додека бил на земјата, Исус сретнал човек кој тврдел дека ги држи сите Десет Заповеди уште од младоста. „Кога го погледна Исус, му омиле, па рече: 'Уште една работа ти недостасува: оди продај сè што имаш, раздај го на сиромаси и ќе имаш богатство на небото; па дојди и врви по Мене' (Марко 10,21).

Дали ние собираме богатство на небото? Или, слично на младиот богат управник Божјите заповеди ги држиме надворешно, а ни недостасува вистинско служење на Господарот? Сè што ни дал Бог е Негово и мораме да го употребиме на Негова слава пред да заврши времето на милоста. Сепак, "без послушност и несебична љубов и најбогатите дарови се премали за Сопственикот на целиот универзум" (*3 Сведоштво, 57*). Божја намера е Неговите деца да ја победат себичноста и да го остварат Неговиот план за евангелизација на светот. Тој сега подготвува народ за да ја изврши оваа задача, а тоа ќе биде извршено и без оние кои ќе ја пропуштат привилегијата да се придружат.

"Бог ги повикува луѓето да го предупредат светот кој спие во своите престапи и гревови. Тој бара доброволни дарови од оние кои со сето срце се посветени на делото и чувствуваат грижа за душите, за секој што верува да не загине, туку да има вечен живот. Сатаната вешто ја игра својата игра за освојување на човечките души. Тој сака да собере што е можно повеќе средства и да ги држи под негова контрола, за тие да не бидат употребени за развиток на мисионерските потфати. Зарем ќе останеме во незнаење за орудијата со кои тој се служи? Зарем ќе му дозволиме да ги отапи нашите сетила?" - *6 Сведоштво, 446.*

"Каква полза имаме од натрупување богатства? Зарем тие нема да изгорат во пламенот на последниот ден? Зарем ќе оставиме златото и среброто да сведочат против нас на судот и да нè осудат на пропаст? Зарем ќе ги стискаме нашите средства дури не паднат во рацете на нашите непријатели? Доаѓа време кога оние што ги исполнуваат Божјите заповеди нема да можат ниту да купуваат ниту да продаваат. Каква корист ќе имаме тогаш од нашите имоти, акции и стоки? Сега е време тие средства да се искористат и од нив да имаме корист во вечноста... Она што го даваме за Божјото дело ќе ни носи придобивка низ вечноста. Христос вели: 'Но собирајте си богатства на небото' (Матеј 6,20). Само ваквите богатства се вистински наши. Сè што собираме на земјата, најпосле ќе мора да го оставиме овде. Само она што го даваме за Христа можеме да го понесеме со нас во небесното царство." - *RH, 6. декември, 1887.*

Генерална конференција
Отсек за саботна школа

Сабота, 7. април, 2012.

Прилог во првата сабота во месецот За Молитвен дом во Пиндорама, Бразил

„Качете се на планината, донесете дрвја и градете го храмот, и тоа ќе Ми биде угодно, па ќе се прославувам, вели Господ“ (Агеј, 1,8). Оваа порака, која е напишана пред повеќе од две илјади години и се однесува на храмот во Ерусалим, важи и во нашиве денови.

Постои голема потреба од изградба на молитвени домови во кои ќе се проповеда пораката на Црквата за ова последно време.

“Кога во некое населено место ќе се појави интерес, мора да се дејствува соодветно. Во таквите места мора да се работи детално сè додека не се подигне зграда за богослужба, која ќе стои како споменик за Господовата сабота, како светлина среде неморалната темнина. Овие споменици треба да се подигнат на многу места и да сведочат за вистината. Господ во својата милост ни открил дека гласниците на евангелието треба да проповедаат на сите народи, јазици и поколенија, сè дури вистината не засвети во сите делови на земјата.

“Секаде каде ќе се појави група на верници, треба да се подигне и дом за богослужба. Не смееме да дозволиме работниците да ги напуштаат местата без да се оствари ова.“ - *Слуги на евангелието, 431.*

Една група на мисионери основаше верско собирање во Пиндорама (близу Моги дас Крузес), на околу 50 километри од Сао Паоло. Кога бројот на посетители се зголеми, стана неопходно да се изгради црква. Во ова место мала група наши браќа успешно работат во здравствено-мисионерското поле. Во блиска иднина се надеваме дека ќе добиеме и наша сопствена зграда.

За да ја оствариме оваа цел, ги молиме нашите браќа и сестри низ светот со своите доброволни дарови да придонесат за изградбата на нашата црква. Ве молиме сетете се на овој доброволен дар во првата сабота од април.

„Кој така скржаво сее, така скржаво ќе жнее; а кој богато сее, богато и ќе жнее. Секој да дава како што одлучил во срцето, а не со жал или со принуда; зашто Бог го љуби оној што од срце дава“ (2. Кор, 9,6.7).
Наша искрена благодарност до сите за вашата навремена подршка.

Вашите браќа и сестри од Пиндорама

Творец и сопственик

“Достоен си, Господи, да ја примиш славата, честа и силата зашто Ти си создал сè, и според Твојата волја постои сè и е создадено!“ - *Откр. 4,11.*

“Само на Јехова, вечниот, самопостоечки, несоздаден Бог, и Изворот и одржувач на сè, само Нему му припаѓа правото на највозвишена почит и обожавање.“ - *Патријарси и пророци, 310.*

ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: ***Одбрани пораки 1, 290-294.***

Недела *1. април*

1. ТВОРЕЦ И ОДРЖУВАЧ

а. Што треба да сфатиме додека ја набљудуваме величествената убавина на сè што е создадено? Псалм 19,1-3; Ис. 40,18.21.26.

.....

.....

“(Псалм 19,1-3) Некои можеби претпоставуваат дека величествените појави во природата се Бог. Тие не се Бог. Сите чудеса на небесата се само Божји орудија кои ги извршуваат добиените наредби. Бог е надзорник и Творец на сè“ - *Одбрани пораки 1, 294.*

б. Кој аспект на Божјата семоќ можеме секојдневно да го допираме? Дела 17,24-29.

.....

.....

“Човечкиот организам функционира под Божја контрола, тој не е како часовник кој еднаш е вклучен, а потоа функционира самостојно. Срцето чука, и произведува пулс, градите постојано вдишуваат и издишуваат, но под Божји надзор... Секое чукање на срцето, секое вдишување го покренува Оној кој во ноздрите на Адам дувнал здив животен - инспирација на вечниот Бог, големиот ЈАС СУМ “ - *Одбрани пораки 1, 294.295.*

2. ДОСТОЕН ЗА ПОЧИТ

а. Кои факти покажуваат дека Бог е единствениот кој ја заслужува нашата постојана почит? Псалми 33,6-9; Ерем. 10,9-13.

.....

.....

"Бог бара почит и обожавање, над сите пагански богови, тоа се заснова на фактот дека Тој е Создателот и Нему сите суштества му го должат своето постоење." - *Патријарси и пророци, 345.*

"Творецот ги одржува во живот сите свои созданија. Истата рака ги држи и планините на нивните места и ги води планетите низ нивниот таинствен марш околу сонцето" - *Одбрани пораки 1, 294.*

б. Кои прашања треба да нè исполнат со почит кон Бога? Јов 11,7; 38,1-7. Како ваквата почит придонесува за спасение на нашите души?

.....

"Божественото вдахновение поставува многу прашања на кои ниту најостроумниот интелектуалец не може да одговори. Овие прашања не се поставени за да ги одговориме, туку нашето внимание да го насочат на Божјите длабоки тајни и за луѓето да сфатат дека нивната мудрост е ограничена; дека во секојдневниот живот постојат мистерии кои ограничениот ум не може да ги сфати; дека Божјите судови и намери се несфатливи, а Неговата мудрост недостижна. Затоа Тој на човекот му се открива обвиен во густ облак на таинственост.

"Бог нема намера целосно да му се открие на човекот. Доколку луѓето во целост проникнат во Божјите дела и патишта, тие не би верувале во Неговата бесконечност. 'Колку се несфатливи Неговите судови и неистражливи Неговите патишта' (Рим. 11,33). Неговата љубов никогаш не би можела да се објасни со природните закони. Кога тоа би било возможно, ние не би чувствувале потреба да му ги довериме нашите души. Скептиците не веруваат затоа што нивните ограничени умови не можат да ја разберат бесконечната моќ со која Бог им се открива на луѓето. Дури ниту градбата и функционирањето на човечкото тело не може наполно да се разбере; тоа се тајни кои ги збунуваат и најучените." - *Библиски коментари, 242,243.*

3. ВИСТИНСКИ СОПСТВЕНИК

а. Што Бог отсекогаш сакал да разбереме во однос на сопственоста на имотот? Псалм 50,7.10-12.

.....

"Господ ги учел Израелците дека Тој треба да им биде на прво место. Ги потсетувал дека Тој е сопственик на нивните полиња и нивните стада; дека Тој им дава сонце и дожд за да имаат жетва. Сè што имале било Негово." - *Делата на апостолите, 250.*

"Нашите тела му припаѓаат на Бога. Тој со откупот ја платил цената и за телото и за душата. 'Или не знаете дека вашето тело е храм на Светиот Дух, кој живее во вас и ни е даден од Бога и дека не припаѓаме само на себе? Зашто скапо сте платени. Затоа прославете го Бога во своите тела и во своите души, кои се Божји.' 'Телото, пак, не е за блудство, а за Господ, а Господ - за телото' (1. Кор. 6,19.20.13). Творецот го надгледува човечкото тело и го одржува. Ако Тој постојано не дејствува, пулсот не би чукал, работата на срцето би запрела, мозокот не би ја извршувал својата задача." - *Совети за здравјето, 586.*

б. Што сè опфаќа Божјата сопственост? Пс. 24,1.2; 5 Мојс. 10,14. Што значи тоа за нас? Откр. 4,11.

.....

"Имајте на ум дека постои само еден сопственик на универзумот и дека секој човек со своето времето, интелектот и средствата што ги поседува му припаѓа на Оној кој платил откуп за душата. Господ со право бара постојана служба и највозвишени чувства. Вашиот единствен критериум е Божјата волја, а не личните задоволства." - *Одбрани пораки 2, 137.*

"Оние кои постојано на ум го имаат овој однос кон Бога, во својот желудник нема да внесуваат храна која го задоволува апетитот и им штети на органите за варење. Тие нема да ја уништуваат Божјата сопственост со нездрави навики во јадење, пиење или облекување. Тие внимателно ќе се грижат за човечкото тело и ќе сфатат што мора да прават за да дејствуваат во согласност со Божјата волја. Тој сака да бидеме здрави, среќни и корисни. Но за да го постигнеме тоа, ние мораме својата волја да ја замениме со Неговата." - *Воспитување на детето, 399.*

4. КОМУ МУ Е ДОВЕРЕНА ВЛАСТА?

а. Кому Бог му ја доверил власта над Неговите земни добра? 1 Мојс. 1,26-28. Зошто тоа е чест за човештвото? Пс. 8,1-9.

"Оној што над нас го поставил ѕвезденото небо, уметнички ги обоил цвеќињата во полето, кој земјата и небесата ги исполнил со чудеса на Неговата моќ, кога дошло време да го круниса своето величествено дело не заборавил да создаде суштество достојно на раката што му дала живот. Нашите предци, како што е забележано во вдахновението, не потекнуваат од едноклеточни организми или влекачи, туку од раката на големиот Создател. Иако извајан од кал, Адам бил 'син Божји' (Лука, 3,38)." - *Патријарси и пророци, 18.*

б. Како се фалел измамникот пред Христа, по падот на Адам? Лука 4,5.6.

ц. Кога Христовата власт над оваа планета треба целосно да се обнови? Даниел 7,13.14.26.27; Михеј 4,8; Откр. 11,15.

"Кога сатаната изјавил пред Христа дека царството и славата на овој свет се негови и дека тој ги дава кому сака, тој само делумно бил во право и со тоа сакал да ја постигне својата намера да измами. Сатаната власта ја приграбил од Адам, но Адам му бил служител на Создателот. Тој не владеел самостојно. Земјата е Божја, а Бог сѐ му предал на својот Син. Адам во своето управување му бил потчинет на Христа. Кога Адам своето власништво го предал во рацете на сатаната, Христос останал законски Цар. Господ му рекол на царот Навуходоносор 'Севишниот владее над човечките царства и ги дава кому сака' (Дан. 4,22). " - *Копнежот на вековите, 109.*

"Според изјавата на пророкот Даниел Христос на небото ќе прими 'власт, слава и царство'; Тој ќе го добие Новиот Ерусалим, престолнината на Неговото царство, 'стокмен како невеста променета за својот маж' (Дан. 7,14; Откр. 21,2). Откако ќе го добие Ерусалим, Тој ќе дојде во сета своја слава, како Цар над царевите и Господар над господарите за да го избави Неговиот народ, кој ќе 'седне на трпеза со Авраам, Исак и Јаков во царството небесно' (Мат. 8,11) за да учествуваат на свадбената вечера на Јагнето." - *Големата борба, 382.*

Четврток *5. април*

5. УПРАВУВАЊЕТО ДОВЕРЕНО НА ЛУЃЕТО

а. Кој совет треба да го имаме на ум секогаш кога ќе ни се довери власт - мала или голема? 5 Мојс. 8,11-18.

"Ние треба да се сметаме за управители на Господовиот имот, а Бог за врховен сопственик, кому треба да му го вратиме Неговото кога Тој ќе го побара." - *4 Сведоштво, 457.*

б. Која порака има особено значење во овие последни денови кога Господ само што не дошол? Лука 19,11-13.

"Бог нè нарекува служители, што подразбира дека Тој нè најмил за да сработиме одредена работа и да имаме одговорности. Ни позајмил и капитал за инвестирање. Тоа не е наша сопственост, и ние на себе го навлекуваме Неговиот гнев ако го чуваме за нас или го трошиме како што сакаме...

"Секој талент што му го враќаме на Бога ќе биде испитан. Постапките на Божјите слуги нема да се сметаат за неважни. Секој поединец лично ќе се испитува и од секого ќе биде побарано да даде сметка за талентите што му биле доверени, за да се утврди дали ги умножил или ги злоупотребил. Наградата ќе биде според умножените таленти, а казната според злоупотребените таленти...

"Талентите се во наши раце. На нас останува дали ќе ги употребиме на Божја слава или ќе ги злоупотребиме. Ние можеме со нив да тргуваме денес, но утре времето за нас може да заврши времето на нашата проба и нашата сметка да биде конечна." - *2 Сведоштво, 752.*

Петок *6. април*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Кои факти откриваат дека нашиот Творец е и наш Седржител?**
2. **Зошто единствено Господ е достоен за обожавање?**
3. **Како треба да дејствуваме кога ќе дознаеме дека сè е Божја сопственост и дека Тој власта на земјата им ја доверил на луѓето?**
4. **Што треба да знаеме за узурпираната власт на сатаната?**
5. **Какво искушение имаме кога ни се доверуваат добра?**

Изворен Дародавец

“Секој добар дар и секој совршен подарок доаѓа одозгора, од Таткото на светлината, во Кого нема измени ни сенка од промена.“ - *Јаков 1,17.*

“Бог е љубов. Како зраци светлина од сонцето, од Него произлегува љубов, светлина и радост кон сите Негови созданија. Самото Негово постоење е излив на несебична љубов.“ - *Мисли од гората на благословите, 55.*

ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: ***Совети за служителите, 72.***
Божјата восх. благодат, 62.

Недела *8. април*

1. ОБЕЛЕЖЈА НА БОЖЈИОТ КАРАКТЕР

а. Откако Бог ги создал луѓето, што уште им обезбедил? 1 Мојс. 2,7.15. Зошто е тоа благослов за нас? Проп. 5,12.18.

.....

“Адам не требало да биде неактивен. Веднаш штом бил создаден му била одредена и работа. Во грижата за она што Бог го создал тој требало да најде занимање и среќа, а награда биле изобилните плодови во Едемската градина“ - *Совети за родителите, учителите и студентите, 227.*

б. Кои докази од секојдневниот живот ја откриваат Божјата голема љубов кон нас? Пс. 36,5-9; Дела 14,17.

“Ние на Бога му должиме за секој миг од нашето постоење и за сите удобности во животот.“ - *Совети за управителите, 17.*

“Плодните дрвја полни со овошје треба да ги сметаме за Божји дар, исто како Тој лично да ги ставил во нашите раце.“ - *Да Го воздигаме Него, 62.*

2. НАЈГОЛЕМИ БОЖЈИ ДАРОВИ

а. Кој е најголемиот од сите Божји дарови? Јован 3,16; Ефес.2,4-7.

.....

"Богатството на евангелието, Патот, Вистината и Животот престојувал (меѓу еврејскиот народ), но тие го отфрлиле најголемиот дар што небото можело да го дарува." – *Христовите очигледни поуки, 79.*

"Христос нè откупил со својата крв. Бог платил за нашето откупување и ако сакаме да го примиме, Тој ни го дава бесплатно." - *9 Сведоштво, 253.*

б. Кој дар од Неговиот Татко им го ветува Христос на своите следбеници? Јован 6,37-39; 17,24. Зошто овој податок треба сите да нè охрабри? Јаков 1,17.18.

"Никогаш нема потполно да сфатиме колку многу Бог го сака човечкиот род. Универзумот е полн со докази за Неговото бескрајно човекољубие.

"Христос е законски сопственик на целата земја. Тој вели: 'Сè Ми предаде Мојот Отец.' 'Сè што има Мојот Отец, Мое е.' 'Ми се даде секаква власт на небото и на земјата' (Лука 10,22; Јован 16,15; Матеј 28,18). Целото небо и целата земја се во Негова служба. Големиот дар на небесната љубов не останала само во градите на Таткото. Христос бил даруван за човечкиот род.

"Христос е полн со милост и вистина. Тој е сè во сè. Затоа, ниедно човечко битие не треба славата да ја приграби за себе. Славата му припаѓа на Божјиот Син. Сега и засекогаш, целата слава и благодарност му припаѓа Нему." - *Писма од Бетл Крик, 65.*

"Христос нè сака затоа што ние сме дар од Неговиот Татко и награда за Неговото дело. Тој нè сака како сопствени деца. Тој те сака и тебе читателу. Небото не може да даде ништо поголемо, ниту подобро." - *Копнежот на вековите, 469.*

"Привилегија е на Христовата спасувачка љубов да се потпреме со доверба и сигурност и да кажеме: Тој ме сака, Тој ме прифаќа; јас ќе му верувам, затоа што Тој го даде животот за мене. Доброто познавање на Христовиот карактер најдобро го потиснува сомнежот." - *Сведоштва на проповедниците, 517.*

3. КОЈ Е ХРИСТОС?

а. Додека небесниот Отец го воздигаме како Творец, што треба ние исто така да разбереме и за Исус Христос? Евр. 1,1-3; Јован 1,1-3.

"Ако Христос ги создал сите нешта, тогаш Тој постоел пред сите нешта. Зборовите во врска со ова се изговорени толку јасно што никој не мора да остане во недоумица. Христос е Бог во суштина, и во највисока смисла на зборот. Тој бил со Отецот од вечноста. Бог над сè што постои, благословен во вечноста." - *Да Го Воздигаме Него, 16.*

б. Врз основа на што на Христос му припаѓа правото да Му служиме и да бидеме Негови ученици? Ефес. 3,9; Филип. 2,5-10.

"Најголемиот дар што Бог може да го дарува, го дал со дарувањето на Неговиот сакан Син. Апостолот вели: 'Оној, Кој не го поштеди ни Својот сопствен Син, туку Го предаде за нас сите, зарем нема да ни подари со Него сè?' (Рим. 8,32). Дадено е сè што можело да се даде. Затоа нема да има друго време на милост. Ако неискажливиот Божји дар не ги наведе луѓето на покајание, тогаш ништо друго не би можело да ги покрене нивните срца. Не постои некоја поголема сила со која може да се дејствува на умот и чувствата. Целокупниот Божји карактер е откриен во Неговиот Син, сите можности кои небото можело да ги пружи за спасение на човекот се дадени преку Синот на Бесконечниот. Патот по кој човекот може да се врати кај Отецот на небото нема бариери. Божјата љубов покажана кон светот е ненадмината; и ако ова манифестирање на Божјата љубов кон синовите човечки не ги привлече кон Него, тогаш не постои нешто што би можело." - *Времето и знаците, 30 дек., 1889.*

"Апостол Павле, пишувајќи под влијание на Светиот Дух, за Христа изјавил дека 'преку Него е создадено сè; и дека Тој е пред сè, и сè во Него постои' (Кол. 1,16.17). Раката која ги држи световите во вселената, раката која во совршен ред одржува сè што постои во универзумот, е раката која за нас била прикована на крстот." - *Воспитување, 132.*

4. НЕБЕСНО НАЧЕЛО

а. Кое основно правило треба да го научиме од Христовиот живот на земјата? Лука 22,27 (посл. дел); Евр. 5,8; 12,2.3.

"Темел на планот за спасението бил втемелен на жртвата. Исус ги напуштил царските одаи, и станал сиромашен за ние да се збогатиме преку Неговата сиромаштија. Сите оние што го примаат ова спасение, платено со бесконечната жртва на Божјиот Син, ќе го следат Неговиот пример. Христос бил каменот Темелник и ние мора да градиме на тој Темел. Секој мора да поседува дух на самоодрекување и самопожртвуваност. Христовиот живот на земјата бил несебичен, исполнет со понижувања и жртви. Дали тогаш луѓето, кои се учесници во големото спасение за кое Исус дошол од небото, ќе одбијат да го следат нивниот Господ и да учествуваат во Неговото самоодрекување и жртва?" - *3 Сведоштво, 359.*

б. Во која смисла ние радосно треба да го следиме Христовиот пример на жртвување? 1 Петр. 2,21; Рим. 12,1.2.

"Христос жртвувал сè за да му овозможи на човечкиот род можност за влез во небото. Сега од паднатиот човек зависи што тој ќе жртвува од своја страна заради Христа и да се здобие со вечна слава. Оние кои имаат и најмало разбирање на големината на спасението и цената што е платена, нема да негодуваат што сеат со солзи и што борбите и самоодрекувањето се составен дел од христијанскиот живот." - *3 Сведоштво, 447.*

"(Христос) ја напуштил Својата слава, власта и богатството за да им помогне на оние кои пропаѓаат во гревот. Тој се спуштил до нашите потреби, за да може да нè издигне до небото. Неговиот живот го карактеризирале жртва, самоодрекување и несебична љубов. Тој е нашиот пример. Дали... го следите Примерот?" - *2 Сведоштво, 615.*

"Зборовите: 'Не припаѓате само на себе;' 'скапо сте платени' (1 Кор. 6,19.20), треба да ги врежеме во нашето сеќавање, за да можеме да го препознаеме Божјото право на нашите таленти, нашиот имот, нашето влијание и на нашата личност. Ние треба да научиме како да го користиме овој Божји дар – во умот, душата и телото, за да како Христова сопственост да бидеме способни за здрава и угодна служба." - *Медицинска служба, 276.*

Четврток *12. април*

5. ПОДАРЕНА МИЛОСТ

а. Што е милост, и зошто тоа е од суштинско значење за нашето спасение? Рим. 5,6-9; Ефес. 2,8.9.

"Милоста е незаслужена Божја наклоност преку која верникот е оправдан без сопствени заслуги, без никакви права кои би можел да го понуди пред Бога. Тој е оправдан преку откупот во Исуса Христа, кој пред небесните судови стои како замена и гарант за грешникот." - *Одбрани пораки 1, 398.*

"Милоста (на Спасителот) е доволна да го потчини гревот." - *Верата со која живеам, 87.*

б. Како треба да одговориме на Божјата изобилна милост? Ефес. 2,10; Тит 2,11-14.

"Дали добрите дела се без никаква вредност? Дали грешникот кој секојдневно греши неказнето е еднаков пред Бога како оној што преку вера во Христа се обидува да прави добро? Светото Писмо дава одговор (Ефес. 2,10).

"Според божественото уредување и Неговата незаслужна благодат, Господ одредил добрите дела да се наградуваат. Ние сме прифатени само преку Христовата милост; а делата на милосрдие што ги извршуваме се плодови на верата и тие ни носат благослов, затоа што луѓето добиваат награда според своите дела.

"Богоугодниот мирис на Христовата милост нашите добри дела ги прави прифатливи за Бога, а токму таа милост ни овозможува да ги правиме тие дела за кои Тој нè наградува." - *Одбрани пораки 3, 199.200.*

"Сите ваши добри дела не можат да ве спасат, но сепак е невозможно да бидеме спасени без добри дела. Секоја жртва за Христа претставува за вас вечна добивка." – *РХ, 21. март, 1878.*

Петок *13. април*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Наброј некои од едноставните дарови кои Бог ги дал уште од Едемските денови.**
2. **Како Божјиот најголем дар вклучува реципрочна врска?**
3. **Зошто е важно за нас да разбереме кој навистина е Христос?**
4. **Кое основно начело го опфаќа целиот план за спасение?**
5. **Каква сила им дава милоста на откупените во нивната подготовка за небото?**

Сесрдност, доброволна служба

“Затоа возуби Го Господа, твојот Бог, со сето свое срце и со сета своја душа, и со сиот свој разум, и со сета своја сила! Ова е најважната заповед.“ - *Марко 12,30.*

“Целото битие - срцето, душата, умот и силата треба да се употребат во Божјата служба. Зарем постои нешто што не треба да го посветиме на Бога?“ - *RH, 6 ноември, 1900.*

ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: ***Рани списи, 266-269.***

Недела *15. април*

1. МОТИВ ЗА СЛУЖБА

а. Кои аспекти на вистинската посветеност често ги занемаруваат оние кои тврдат дека го следат Христа? Марко 8,34; Јован 15,19.20

“Малкумина се подготвени да го следат (Христа) во Неговата зачудувачка сиромаштија, да ги претрпат Неговите страдања и прогонства и да учествуваат во Неговата исцрпувачка работа за просветлување на оние што се наоѓаат во темнина. Сосема мал број го следат Неговиот пример на искрена и постојана молитва за Бог да им даде сила да ги издржат искушенијата во овој живот и да ги извршуваат своите секојдневните обврски.“ - *2 Сведоштво, 748.*

б. Која е разликата меѓу вистинската и лажната служба? Јов 31,24-28; 29,11-16. Зошто мораме да ги преиспитаме нашите побуди?

“Бесмисленостите од овој свет ги блокирале пристапите до душите кај мнозина. Кога нашиот живот би бил сокриен со Христа во Бога, тогаш Неговата служба не би била мачна. Ако целото срце е посветено на Бога, сите би го нашле својот удел во работата за Божјото дело. Тие би сееле покрај секоја вода молејќи се и верувајќи дека посеаното ќе донесе плод.“ - *RH, 19. декември, 1878.*

2. КЛУЧНАТА ПОРАКА НА ХРИСТОВОТО УЧЕЊЕ

а. Која жална разлика се забележува помеѓу Христос и мнозина кои денес се нарекуваат Негови следбеници? Филип. 2,5-8.21.

.....

"Планот на спасението е заснован на жртва која е толку широка и длабока и висока така што е немерлива. Христос не ги испратил своите ангели на паднатиот свет за Тој да остане на небото; не, Тој лично дошол без придружба и го зел срамот на себе. Станал човек на болката и тагата; Тој самиот на себе ги зел нашата немоќ и ги носел нашите слабости. Затоа, отсуството на самоодрекување кај оние што тврдат дека се Негови следбеници, Бог го смета за одречување од Христовото име. Оние кои тврдат дека се на Христова страна, а им попуштаат на себичните желби за скапа, накитена облека, мебел и раскошна храна, таквите се Христијани само на збор. Да се биде христијанин значи да се живее како Христа.

"Па така колку се вистинити зборовите на апостолот: 'Зашто сите си го бараат своето, а не она на Исус Христос' (Фил. 2,21). Многу христијани ги немаат делата кои одговараат на името што го носат. Тие дејствуваат како никогаш да не слушнале за планот на спасението овозможен со неизмерна цена. Мнозинството сака да изгради име за себе на овој свет; тие ги прифаќаат светските навики и обичаи и живеат за да го задоволат своето 'јас'. Ги следат своите цели со иста ревност како светот, и на тој начин ја трошат својата сила со која треба да помогнат во воспоставувањето на Божјото царство." - *Совети за управителите, 54.*

б. На кое небесно начело Христос им укажува на сите Негови следбеници денес? Зошто? Матеј 16,24-26.

.....

"Оние кои сакаат да го задобијат благословот на светост, прво мора да ја сфатат смислата на самопожртвуваноста. Христовиот крст е централен столб на кој виси 'многу пообилната и вечна тежина на славата' (2 Кор. 4,17). Види Матеј 16,24. Нашата љубов кон ближните ја открива љубовта што ја имаме кон Боа. Трпеливоста во Божјата служба ѝ носи мир на душата." - *Делата на апостолите, 422.*

"Ние треба да ја практикуваме истата самопожртвуваност што Христа го навела да умре на крстот за да им овозможи вечен живот на човечките битија." - *9 Сведоштво, 45.*

3. ДА УЧИМЕ ОД АПОСТОЛИТЕ

а. Која била тајната за горливата љубов што апостол Павле ја имал кон луѓето? 2 Кор. 4,15-18; 5,14.15.

.....

.....

"Како можат оние за кои Христос жртвувал толку многу да продолжат себично да уживаат во Неговите дарови? Неговата љубов и Неговото самоодрекување се ненадминати; а кога таа љубов ќе влезе во Неговите следбеници, тие Христовите интереси ќе ги прифатат како свои. Нивна главна цел ќе биде да го изградат Христовото царство. Себе и својот имот тие ќе му ги посветат на Христа и ќе ги употребат за Неговото дело." - *Совети за служителите, 55.*

"Христовата љубов во душата ќе се открие во зборови и дела. Христовото царство ќе биде на прво место. Сопственото 'јас' доброволно ќе биде жртвувано на Божјиот олтар. Секој што е вистински обединет со Христа ќе ја чувствува истата љубов за душите заради кои Божјиот Син го напуштил царскиот престол и високата положба; и станал сиромашен за ние преку Неговата сиромаштија да се збогатиме." - *Совети са служителите, 55.*

б. За која склоност апостол Јован ги предупредува верниците и како тоа може да важи за нас? 1 Јов. 2,15-17.

.....

"Што правиме ние кои се нарекуваме христијани? Душите насекаде околу нас, близу и далеку, гинат за своите гревови без да бидат предупредени и згрижени. Секојдневно ги одминуваме безнадежните кои го немаат Бога и не ја отвораме устата за да ги запознаеме со Христа и со Неговата љубов. Световниот занес ги држи мажите и жените како маѓепсани... Војниците на Христовиот крст со своите молитви треба да го придвижат небото за Бог да делува и Неговата моќ да соработува со човечките орудија за тие да допрат до луѓето каде и да се." - *Објавени ракописи 8, 95.*

"Додека мнозина чекаат да биде отстранета секоја пречка, душите во светот умираат без надеж и без Бога. Многумина, заради светски предности, заради здобивање на научно знаење би заминале и во пустински предели, би отишле во далечни земји за да успеат во бизнисот; но каде се оние кои би го смениле местото на живеење и би ги преселиле своите семејства во места каде има потреба од небесна светлина, каде нивниот пример ќе покаже дека се Христови претставници?" - *Совети за служителите, 56.*

4. ЧИСТО И ЗАДОВОЛНО СРЦЕ

а. Како Христови слуги, што треба да ја обележува нашата вера? Зошто? Ефес. 6,6-8.

.....

.....

"Зарем не е опасно да дозволиме желбата за безвредната овоземна добивка да го загрози нашето скапоцено, бесмртно наследство? Постои опасност со купување и продавање да ја уништите својата корисност, да ја ослабите својата вера и да го извалкате храмот на вашата душа." - *RH, 19. јуни, 1888.*

б. Зошто Исус неколку пати посочувал на десеттата заповед за време на Неговата служба? 2 Мојс. 20,17; Лука 12,15. Како ние можеме да задобиеме победа на ова подрачје? 1 Кор. 15,31.

.....

.....

"Христос е нашиот пример. Тој го жртвувал својот живот за нас и бара и ние да го жртвуваме нашиот живот за Него. На тој начин ќе можеме да ја отфрлиме себичноста што сатаната постојано се труди да ја всади во нашите срца. Себичноста ја умртвува секоја побожност и може да се победи само со љубов кон Бога и ближните. Ниедна алчна личност нема да влезе низ бисерните порти бидејќи алчноста е идолопоклонство." - *Совети за управителите, 26.*

"Постојаното самоодрекување и добродетелта се Божји лек против гревот на себичност и алчност. Бог воспоставил систематско добредетелство за да го одржува Неговото дело и да ги олесни страдањата на напатените и сиромашните. Тој наредил давањето да стане навика за да може се спротивстави на опасниот грев - алчноста. Постојаното давање ја уништува алчноста. Систематското давање е воспоставено за Бог да ги добие богатствата на алчните толку брзо како што ги стекнале и истите да се посветат на Господа, на кого и му припаѓаат...

"Богатството ги прави луѓето себични, и натрупувањето ја храни алчноста; а овие зла се зајакнуваат со активно практикување. Господ ги знае опасностите кои ни се закануваат и ни дал упатства за да ја спречиме сопствената пропаст. Тој бара постојано практикување на милосрдие за силата на навиките за добри дела да ја победи силата на навиките во спротивна насока." - *3 Сведоштво, 510.*

Четврток *19. април*

5. ВИСТИНСКА, БОГОУГОДНА СЛУЖБА

а. Како можеме да се охрабриме од примерот на првите христијани во Македонија? 2 Кор. 8,1-5.

.....

"Речиси сите верници во Македонија биле сиромашни во овоземни богатства, но нивните срца биле преполнети со љубов кон Бога и Неговата вистина, и тие радосно давале за поддршка на евангелието. Кога во црквите од паганските предели биле организирани прилози за еврејските верници, духот на дарежливост во Македонија бил истакнат како пример за останатите цркви." - *Делата на апостолите, 254.*

б. Како Христос накратко ја сумира нашата должност како верници? Марко 12,29-31. Што се случува кога ова начело се применува во секојдневниот живот? Матеј 7,24.25.

"Целото битие треба да биде посветено во служба на Господарот" - *Билтен на Генерална конференција, 16. април, 1901.*

"Никој не може навистина да биде обединет со Христа, да ги практикува Неговите поуки и на себе да го стави јаремот на воздржување без да сфати нешто што не може да се искаже со зборови. На таквиот му доаѓаат нови, духовно збогатени мисли. Интелектот е просветлен, волјата е одлучна, совеста станува чувствителна, а имагинацијата прочистена. Срцето станува понежно, мислите подуховни, а службата слична на Христовата. Во животот се забележува она што не може да се изрази со зборови - вистинска, верна и предана посветеност на срцето, умот, душата и нова сила за работа во работата за Господарот." - *6 Сведоштво, 441.*

Петок *20. април*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како во животот на Јов се одразувал Христовиот Дух?**
2. **Која вообичаена склоност мора да ја победиме ако сакаме да станеме победници?**
3. **Што нè учат Павле и Јован околу негувањето на вечните вредности?**
4. **Зошто алчноста е толку штетна за нашите души?**
5. **Која е наградата за службата од сè срце, дури и во овој земен живот?**

Ревност во службата

“Оние што Јас ги сакам, нив ги карам и воспитувам. И така, биди ревностен и покај се.“ - ***Откр. 3,19.***

“Сите предности што Бог ни ги дал се Негови средства за да ни дадат сила на духот, ревност на нашите напори и енергија за исполнување на Неговата света волја.“ - *Патријарси и пророци, 370.*

ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: ***Колпортерска служба, 154.155.***

Недела *22. април*

1. ПОТРЕБЕН Е НОВ СТАВ

а. Што треба да научиме од Христовото предупредување против негодувањето и половичната служба? Матеј 25,14.15.18.24-30.

.....

.....

“Многумина, слично на слугата кој добил само еден талент, сметаат дека Господ е како строг човек кој ‘жнее каде не сее и собира каде не вее‘. Ваквото гледиште е измама на лукавиот; бидејќи што имаме ние, а да не сме го добиле? Зборовите: ‘Но од Тебе е сè, и добиеното од Твојата рака Ти го дадовме’ (1 Лет. 29,14) треба да бидат и наш израз на благодарност.“ - *RH, 12. јуни, 1888.*

б. Кои Христови предупредувања особено се однесуваат на овие последни денови од земната историја? Матеј 24,12. Откр. 2,4.

.....

.....

“Членовите на црквата треба ревно да настојуваат непријателите на нашата вера да не триумфираат над нивната безживотна, отпадничка состојба. Некои го упропастиле своето влијание, а со малку самоодрекување, сесрдност и ревност можеле да бидат сила на страната на доброто. Но таквата ревност нема да дојде без труд и без сериозни борби.“ - *5 Сведоштво, 266.*

2. ОСОБИНА КОЈА СЕ БАРА

а. Како Библијата ја опишува огромната важност на ревноста за Бога? Пс. 42,1; 84,2. Како можеме да ја стекнеме оваа особина ако таа ни недостасува? Еремија 29,13.

"Постојат мнозина кои не даваат никакви одлучувачки докази дека се верни на заветот кој го направиле при крштевањето. Нивната ревност е оладена од формалноста, светските амбиции, гордоста и самољубието. Од време на време нивната совест се буди, но тие не паѓаат на Карпата - Исус Христос. Тие не доаѓаат кај Бога со скршени срца во покајание и признавање. Оние кои имаат искуство на вистинска преобразба на срцето, во својот живот ќе донесат плодови на Духот." - *9 Сведоштво, 159.*

"Потребно е да се пости, понизува и моли за нашата слаба ревност и млака духовност." - *4 Сведоштво, 511.*

б. Кое ветување им е дадено на оние кои копнеат да станат слични на Христа? Матеј 5,6. Зошто искуството на Јаков е толку вредно за нас? 1 Мојс. 32,24-30.

"Бог бара побожност, самоодрекување, самопожртвуваност, сомилост кон другите и ревност за Бога. Тој сака кај луѓето да види длабок копнеж на душата за спасување на ближните од неверство и пропаст." - *Знаците на времето, 15. февруари, 1899.*

"Наоружани со величествената вистина која е наша привилегија, ние со помош на Светиот Дух треба да станеме живи канали на светлината. На тој начин ќе можеме да пристапиме кон престолот на милоста и гледајќи во заветот на виножитото да клекнеме и со скрушени срца да го бараме царството небесно заедно со духовна ревност што ќе донесе своја награда. Ние ќе можеме да го зграбиме со сета своја сила исто како Јаков. Тогаш нашата порака ќе биде Божја сила за спасение." - *Отсликувајќи го Христа, 217.*

"Отидете во вашата скришна соба и насамо молете го Бога: 'Создај чисто срце во мене, Боже, и нов и прав дух стави во мене.' (Пс. 51,10). Бидете сесрдни, бидете искрени. Горливата молитва има голема сила. Слично на Јаков, борете се во молитва пред Бога. На Исуса му течеле крвави капки пот во Маслинката градина. И вие мора да вложите напор. Не напуштајте го вашето скришно место додека не се почувствувате силни во Бога; потоа бдејте, и сè додека бдеете и се молите ќе можете да ги избегнете замките и тогаш милоста Божја ќе живее во вас." - *Пораки за младите, 131.132.*

3. РЕВНОСТА НА ДЕЛО

а. Што можеме да научиме од претрпените борби и извојуваните победи на Божјите верни сведоци? Ерем. 20,8-11; Дела 4,14-20.

.....

.....

"Спротивставувањето на пораката на Еремија било толку силно и толку често бил исмеван и презиран што изјавил: 'Нема веќе да спомнувам за Него, ниту ќе зборувам во Негово име' (Ерем. 20,9). Така било отсекогаш. Заради горчината, омразата и противењето кон Божјиот збор кој прекорува, мнозина Божји гласници одлучиле да постапат како Еремија. Но што направил Божјиот пророк по оваа одлука? Тој не можел да седи со скрстени раце. Веднаш штом се нашол пред група насобрани, тој почувствувал дека Божјиот Дух е посилен од него." - *Библиски коментари 4, 1156.*

"Ревноста за Бога и Неговото дело ги поттикнало апостолите со голема моќ да сведочат за евангелието. Зарем нема слична ревност да ги разгори нашите срца со одлучност да се проповеда за искупителната љубов на Христа и за Неговото распетие? Секој христијанин ја има таа привилегија, не само да го чека туку и да го забрза доаѓањето на Спасителот?" - *Делата на апостолите, 600.*

б. Каков вид на искуство треба да одекне меѓу нас? Пс. 119,137-140; 1 Јов. 3,1-3.

.....

.....

"Старешината Loughborough беше ревносен работник на делото. Тој работеше со цело срце. Тој влезе... во ново поле од мисијата и беше спремен да се најде на најскромна позиција, да истрпи секаква тешкотија, да штеди, да живее сиромашно и да работи од утро до вечер за интересите на штотуку започнатото дело." - *Објавени ракописи 21, 246.*

"Ние се наоѓаме на работ на вечниот свет. Заради сеопштото беззаконие, љубовта на мнозина оладила. Но напротив, во нашите срца треба да се развива љубовта кон Бога, кон чистотата, вистината и светоста. Зголемувањето на злото околу нас треба да разбуди во нас огнена ревност и силна решителност."-*RH, 29. ноември, 1881.*

4. ОДБЕГНУВАЊЕ НА ПОГРЕШНА РЕВНОСТ

а. На кој начин се изложуваме на опасност со погрешна ревност да застраниме од вистинскиот пат? Рим. 10,1-3; 1 Кор. 10,23.

"Кога во полето ќе дојдат да работат луѓе кои немаат Свет Дух и Божја сила, тие почнуваат да ги напаѓаат другите верски заедници и мислат дека ќе ги убедат луѓето во вистината со изнесување на недоследностите кај популарните цркви. Во некои случаи ваквиот пристап е неопходен, но најчесто тоа предизвикува само предрасуди против нашето дело и ги затвора ушите на мнозина кои инаку би сакале да ја чујат вистината. Кога ваквите учители би биле тесно поврзани со Христа, тие би имале небесна мудрост во начинот на кој му пристапуваат на народот." - *4 Сведоштво, 511*.

б. Во што била погрешна лажната ревност на Јуј? 2 Цар. 10,16-19. 28-31.

"Постојат мнозина чија религијата се состои од активности. Тие сакаат да работат и да бидат заслужни за некое големо дело, а истовремено ги занемаруваат малите љубезности кои го сочинуваат христијанскиот карактер. Постојаната забрзана служба, која остава впечаток дека се работи некое големо дело не е прифатлива за Бога. Тоа е духот на Јуј, кој вели, 'Дојдете, видете ја мојата ревност за Господа.' На тој начин човекот станува задоволен од самиот себе; но истовремено душата може да остане извалкана со дамки на непотчинетост и непобедена себичност." - *Знаците на времето, 20. ноември, 1884*.

"Христијанската ревност се раководи според начелата и не е повремена. Таа е искрена, длабока и силна, ја проникнува целата душа. Спасувањето на душите и интересите на Божјото царство се најважни... Христијанската ревност не се изразува со постојано зборување, туку таа дејствува моќно и успешно. Сепак христијанската ревност не се покажува за да биде видена. Во секој напор и секое дело ќе се забележува понизност. Христијанската ревност наведува на сесрдна молитва и понизност, и верно исполнување на домашните должности. Во семејниот круг ќе се забележи нежност и љубов, добронамерност и сомилост кои се вистински плодови на христијанската ревност." - *2 Свед., 253.254*.

Четврток *26. април*

5. ХРИСТОВИОТ ПРИМЕР

а. Како пророштвото на псалмистот за божествена ревност се исполнило во Христа? Пс. 69,9; Јован 2,13-17; 4,34. Кои поуки можеме да ги извлечеме од Христовата ревност? 1 Кор. 2,2-4.

"(Христос) живеел според законот. Неговата чистота и благородност, Неговата посветеност на вистината и Неговата ревност за славата Божја ја откриваат совршеноста на законот." - *RH, 26. февруари, 1901.*

"Христос изјавил дека Негова храна и пијалак се да ја извршува волјата на својот Отец. Ревноста што произлегува од ваквата посветеност на вистината верникот го прави силен бидејќи тој е извор на посветена вистина и со ширењето на таа вистина тој станува корисен христијанин. Ревноста секогаш треба да биде урамнотежена и на тој начин да ја открива светоста на карактерот." - *Објавени ракописи 10, 131.*

б. Кој повик го упатува Христос до сите што живеат во млакиот период на Лаодикеја? Откр. 3,19.

"Кога станува збор за Божјата служба, дали луѓето ја покажуваат истата ревност за Неговото дело како што порано ја покажувале во службата на светот?" - *RH, 12, јуни, 1888.*

"Во ова време кога крајот на сите нешта е пред нас, зарем не е потребно ревноста на црквата да ја надмине ревноста на раната црква? Ревност за Божјата слава ги поттикнала апостолите со голема моќ да сведочат за вистината. Зарем ваква ревност не треба да ги разгори нашите срца со копнеж да проповедаме за искупувачката љубов на Христа и Неговото распнување? Зарем Божјата моќ не треба уште посилно да биде откриена денес, отколку во времето на апостолите? - *7 Сведоштво, 32.*

Петок *27. април*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **На кое предупредување од параболата за талентите треба да внимаваме?**
2. **Кој аспект од искуството на Јаков, исто така, треба да биде и наш и зошто?**
3. **Што можеме да научиме од Еремија, Давид и првите апостоли?**
4. **Како и ние може да покажеме знаци на погрешна ревност?**
5. **Кои се особините на вистинската ревност?**

Сабота, 5. мај, 2012.

Прилог во првата сабота во месецот За мисии ширум светот

Пред да се врати на небото, Исус на своите ученици им наложил: "Одете и научете ги сите народи, крштавајќи ги во името на Отецот, и Синот, и Светиот Дух, и учејќи ги да пазат сè што сум ви заповедал; и ете, Јас сум со вас преку сите дни до свршетокот на светот" (Мат. 28,19.20).

Црквата е основана за да ја рашири евангелската порака меѓу народите на земјата. Христос рекол дека "ќе биде проповедано ова евангелие за царството по целиот свет, за сведоштво на сите народи; и тогаш ќе дојде крајот." (Мат. 24,14).

Сите членови на остатокот од Божјата црква ја имаат таа привилегија и должност да помогнат во ширењето на вечното евангелие по светот со свои лични мисионерски потфати, молитви и финансиски донации.

Секоја година од нашите членови ширум светот ние собираме посебни дарови за да го помогнеме ширењето на пораката во мисиите низ целиот свет.

"Христос е пример за сите што работат како мисионери. Неговото дејствување е модел за секој мисионерски потфат. Ваквите потфати бараат целосна посветеност на времето и талентите. Потребно е на Бога да му ги вратиме средствата што ни ги доверил, заедно со добивка што сме ја заработиле со тргување на Неговите таленти. Сите средства треба да бидат ставени на располагање за унапредување на делото за кое Христос дошол на овој свет." - *RH, 24. декември, 1901.*

Ние имаме привилегија да бидеме Божји амбасадори на земјата и пред целиот свет да го претставиме Неговиот карактер. Бог ни дарувал време, сила и финансиски средства за да ги вложиме во Неговото евангелие на љубов.

Дали сте спремни без воздржување да издвоите дел од вашите средства за помош на мисиите ширум светот? Бидете сигурни дека Бог обилно ќе ве благослови и во овој живот, а посебно во вечниот живот на небото кога во царството на славата ќе ги видиме спасените души.

Во име на нашите мисии ширум светот,

Вашите браќа од Генералната конференција

Енергија и делотворност

“И одејќи, проповедајте и кажувајте дека се приближи царството небесно.“ - *Матеј 10,7.*

“Времето е кратко и заради тоа ние мора да работиме напорно и со двојно поголема енергија.“ - *3 Сведоштво, 149.*

ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: ***Христови очигледни поуки, 287-307.***

Недела *29. април*

1. ТАЛЕНТ ШТО СЕКОЈ ГО ПОСЕДУВА

а. Дури и во овие денови на брзо живеење, што Бог милостиво ни дава и зошто? Проп. 3,1.

.....

“Нашето време му припаѓа на Бога. Секој миг е Негов, а ние имаме најсвечена обврска да го употребиме на Негова слава. За ниеден друг талент што ни го дал Бог нема да бара толку строга сметка како за времето...

“Само малку денови на милост ни остануваат во кои мораме да се подготвиме за вечноста. Немаме време за губење, за задоволување на себичните желби и за толерирање на гревот. Сега треба да изградиме карактер за идниот, вечен живот. Сега треба да се подготвиме за истражниот суд.“ - *Христови очигледни поуки, 303.*

б. Што треба да имаме на ум кога планираме како ќе го искористиме времето? Јаков 4,13-15.

.....

“Заради краткоста на времето потребна е енергија што досега недостасуваше кај оние коишто тврдат дека веруваат во сегашната вистина.“ - *Совети за здравјето, 506.*

“Кога секој од нас на најдобар можен начин би го искористувал времето, многу средства би биле заштедени за Божјото дело. Кога се работи од сѐ срце, се работи сесрдно, енергично и брзо.“ - *4 Сведоштво, 430.*

2. МУДРО СПРОТИВСТАВУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА НА НЕПРИЈАТЕЛОТ

а. Што мораме да сфатиме при нашите напори да го унапредиме Божјото дело? 1 Петр. 5,8; Откр. 12,12.

"Ние немаме време за губење. Силите на темнината дејствуваат моќно и сатаната како волк нечујно се прикрадува за да ги зграби оние што спијат. Ние имаме предупредувања кои мораме да ги објавиме, работа што мораме да ја извршиме, но наскоро тоа ќе стане потешко отколку што можеме да замислиме." - *Евангелизам, 218.*

"О, колку голема одговорност ни е доверена - на секоја душа да ѝ го предочиме фактот дека постои небо кое треба да се придобие и втора смрт што треба да се избегне. Душата треба со сета сила да донесе одлука и насила да го придобие царството. Сатаната е активен, а и ние мора да бидеме активни. Тој е неуморен и истраен, па и ние мора да бидеме такви. Немаме време да пронаоѓаме изговори и да ги обвинуваме другите за нашето назадување; немаме време да ѝ ласкаме на душата дека доколку околностите се подобри, би ни било многу полесно да работиме на Божјото дело. Ние сме должни да ги предупредиме оние што тврдат дека веруваат во Христа, да престанат да го навредуваат Бога со грешните изговори." - *Објавени ракописи, 12, 366.*

б. На што нѐ учи вдахновението во поглед на борбата што ни претстои? Ефес. 6,12; Мат. 24,13.

"Имајќи во предвид колку е кратко времето ние како народ треба да бдееме и да се молиме, и во никој случај да не дозволиме да бидеме одвратени од свеченото дело на подготовка за големите настани што претстојат. Бидејќи е очигледно дека небото го продолжува времето, мнозина стануваат немарни и рамнодушни кон своите зборови и дела. Тие не ја согледуваат опасноста и не ја разбираат Божјата милост која им го продолжува времето за да можат да изградат карактер за идниот, бесмртен живот. Секој миг има огромна вредност. Ним им е подарено време не за да планираат како да си го олеснат животот на оваа земја, туку за да го употребат за совладување на секој недостаток во својот карактер и со дела и лични напори да им помогнат на ближните да ја согледаат убавината на светоста." - *4 Сведоштво, 290.*

"Ние сме должни со разгорена ревност и енергија да го продолжиме Божјото дело сè до крајот на времето." - *Совети за родителите, учителите и студентите, 455.*

3. РЕСУРСИТЕ СТАНУВААТ КОРИСНИ

а. Што нашиот Господар сака да разбереме за разновидните таленти што ни ги доверил? Лука 19,13.

"Колку и да е големо или мало она што некој го поседува, тој треба да знае дека тоа само му е доверено. За својата сила, умешност, време, таленти, можности и средства тој ќе мора да дава сметка пред Бога. Ова е индивидуална работа; Бог ни ја дава за ние да можеме со давање на другите да станеме како Него дарежливи, благородни, добротворни. Оние што ја заборавaат оваа божествена мисија и штедат и трошат само за да ја задоволат својата гордост и себичност ќе си обезбедат задоволства на овој свет, но во Божји очи, во поглед на духовните достигнувања, тие се сиромашни, мизерни, бедни, слепи и голи." - *Совети за управителите, 22.*

"Јас не можам да пронајдам пример во Исусовиот живот кога тој посветил време на игри и забава. Тој бил голем воспитувач за сегашноста и идниот живот; сепак јас не можам да најдам ниеден пример каде Тој ги советува учениците да се забавуваат со цел физички да се рекреираат. Откупителот на светот на секој човек му дава задача и му вели: 'Тргувајте... додека да се вратам.' (Лука 19,13). Правејќи така, срцето се загрева за задачата. Сите сили на битието се употребуваат во напорот да се послуша. Нашиот позив е висок и свет." - *Совети за родителите, учителите и студентите, 255.*

б. Што треба да научиме од искуството на Соломон? Проп. 2,10.11.

"Ние мораме да се свртиме од илјадници теми кои го преокупираат нашето внимание. Тие ни го трошат времето и предизвикуваат интерес, но не водат никаде. Највисоките интереси бараат поголемо внимание и енергија кои толку често се трошат на безначајни ситници." - *Здравје и среќа, 407.*

"Покажете им на луѓето дека вашиот ум е насочен кон должностите, кон она што е корисно и кон спасување на душата. Забавите на кои се троши драгоцено време за задоволување на нашето 'јас', не се исплатливи." - *Медицинска служба, 82.*

"Енергијата која денес се троши на евтини, безвредни и расипливи добра треба да се искористи во делото за просветлување на светот. Секоја сила што Бог ја дал треба да се употреби во работата која со себе донесува благословено задоволство сега и за вечноста." - *Објавени ракописи 6, 267.*

4. КУПУВАЊЕ НА ИМОТ

а. Зошто ставот на безумниот, богат човек е предупредување за нас? Лука 12,16-21.

"Жалосно е што припадниците на Божјиот народ го задржуваат за себе она што му припаѓа на Бога. Средствата и трудот кои треба да му бидат посветени на Христа се трошат на задоволства. Од Бога се крадат време, пари и служба. Самољубието и задоволувањето на себичните желби ја потиснуваат љубовта кон Христа во душата и затоа во црквата нема поголема ревност и посилна љубов кон Оној што прв нѐ засака." - *Знаците на времето, 22. декември, 1890.*

"Луѓето се однесуват како да немаат разум. Тие се затрупани со грижи за овој живот. Тие немаат време за Бога, ниту време да му служат. Работа, работа, работа - тоа е нивното мото. Од сите околу себе бараат да работат постојано под притисок, да се грижат за огромните фарми. Нивните амбиции се да ги срушат старите и да изградат поголеми, за да можат да ги складираат своите добра. И токму ваквите луѓе кои се робови на своето богатство ги сметаат за Христови следбеници. Тие тврдат дека веруваат во скорешното Христово доаѓање, дека крајот на сите нешта е пред прагот, а сепак не покажуваат дух на пожртвуваност. Тие сѐ подлабоко и подлабоко тонат во светот. Одвај некогаш си дозволуваат да го проучуваат Божјиот збор, да размислуваат и да се молат. Ниту пак им ја даваат оваа привилегија на членовите на нивните семејства или, пак, оние што работат за нив. Сепак, овие луѓе тврдат дека веруваат дека светот не е нивен дом, дека се само гости и туѓинци на земјата кои се подготвуваат да заминат во подобра земја. Примерот и влијанието на ваквите е проклетство за Божјото дело. Нивниот живот е исполнет со површност и лицемерство. Тие го сакаат Бога и Неговата вистина исто онолку колку што тоа го покажуваат со своите дела и ништо повеќе. Човекот дејствува според верата што тој ја има." - *2 Сведоштво, 746.*

б. Кои мисли треба да ни бидат најважни? 1 Кор. 3,23; 6,20.

"Без разлика дали нашиот ум, душа и сила ги посветуваме на Бога или не, тие сепак се Негови. Бог му вели на секое човечко битие: 'Ти ми припаѓаш мене. Дај ми ја твојата ревност, твоите способности, твојата енергија, твоите средства.' Тој има право да го бара ова бидејќи ние сме Негови, откупени сме со Неговата бесконечна љубов и со агонијата на крстот што Тој ја претрпел заради товарот на гревот." - *Знаците на времето, 2. јануари, 1901.*

Четврток *3. мај*

5. ПОДГОТОВКА ЗА ПОЗНИОТ ДОЖД

а. Кое сознание треба да нè пробуди и секого од нас да го покрене на дејствување? 2 Кор. 6,2; Мат. 10,7.

"Нам ни е потребна поголема сесрдност во Божјото дело. Свечената порака за вистината треба да се објавува со моќ што ќе ги убеди неверниците дека Бог соработува со нашите напори и дека Возвишениот е нашиот извор на сила...

"Зарем оваа рамнодушност ќе преовладува од година во година? Зарем сатаната постојано ќе триумфира, а Христос ќе биде разочаран од слугите кои ги откупил со бесконечна цена? Ние со радост го очекуваме излевањето на позниот дожд и се надеваме на подобри денови кога црквата ќе се обедини со голема моќ и на тој начин ќе бидеме поспремни за поуспешна работа за Христа. Но позниот дожд никогаш нема да ги освежи и покрене мрзливците кои не ја користат силата што Бог им ја дава сега. Духовната мрзеливост нема да нè приближи кон Бога. Во нашите дела мора да вткаеме енергија, ревност, посветеност и лична побожност." - *Знаците на времето, 9. декември, 1886.*

б. Кој е Божјиот позив за нас денес? Ис. 60,1.2; Мат. 5,14-16.

"Жива црква е црквата што работи. Членови на црквата, погрижете се светлината да засвети. Вашите гласови нека се слушаат во понизна молитва, во сведочење против неумереноста, лудостите и забавите на светот и во објавување на вистината за ова време. Вашиот глас, вашето влијание, вашето време - сè се тоа дарови од Бога кои треба да се искористат за придобивање на души за Христа. Посетете ги вашите соседи и покажете интерес за спасување на нивните души. Активирајте ја и најмалата духовна енергија. Кажете им на оние што ги посетувате дека крајот на сите нешта е близу." - *Медицинска служба, 332.*

Петок *4. мај*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Зошто времето е толку важно?**
2. **Која вообичаена замка може да нè спречи во работата за Христа?**
3. **Која склоност би можела да нè задржи во лаодикејскиот период?**
4. **Што треба да нè поттикне да работиме за Христа?**
5. **Зошто многумина нема да го примат позниот дожд?**

Финансиски средства

“Среброто е Мое и златото е Мое, вели Господ Саваот.“ - ***Агеј 2,8.***

“Секогаш кога трошиме средства мораме да се трудиме да ја исполниме волјата на Оној кој е Алфа и Омега на сите христијански стремежи.“ - *9 Сведоштво, 45.*

ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: ***5 Сведоштво, 138-146.***
2 Сведоштво, 735 -746.

Недела *6. мај*

1. ОТВОРАЊЕ НА СРЦЕТО

а. Како начинот на кој ги трошиме парите открива колку е длабока нашата посветеност и преданост на Бога? Мат. 6,21.

.....

“Во едно мораме да бидеме длабоко ревни, а тоа е служењето на Бога. Не постои опасност да бидеме премногу ревни овде. Кога предвид би ја имале само работата за Божја слава, маглата би се подигнала и ние би можеле да разликуваме добро од зло. Ние треба да го посветиме нашиот имот. Нашите срца треба да говорат: ‘Господе еве ги средствата што си ми ги доверил, каде сакаш да ги употребам?’“ - *Знаците на времето, 7. јануари, 1886.*

“Парите се дар од Бога. Тие не ни се дадени да ги трошиме на задоволување на гордоста или амбициите.“ - *Здравје и среќа, 252.*

б. Како Давидовата посветеност на Бога е инспирација, но и прекор за повеќето од нас? 1 Лет. 29,3-5.

“Зарем благодарноста изумре во нашите срца? Зарем Христовиот крст не е срам за животот на себични попуштања и задоволства?... Ние ги користиме благодатите на бескрајната жртва; а сепак кога треба да се изврши некое дело, кога нашите пари се потребни за помош во делото на Спасителот за спасување души, ние се повлекуваме настрана и наоѓаме изговори.“ - *Совети за управителите, 21.*

2. ЗБОРОВИ НА ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

а. Како сме предупредени за опасната завера против оние што ја празнуваат саботата? Лука 21,34.

"Сатаната им кажал на своите ангели дека црквите се заспани. Тој ја зголемил својата моќ над нив и со лажни чуда ги држи под своја контрола. 'Но,' вели тој, 'ги мразиме оние што ја држат саботата; тие постојано делуваат против нас и ги одземаат нашите поданици за да го држат омразениот Божјиот закон. Одете, дајте им имот и богатство и опијте ги во грижи. Ако успеете да ги придобиете нивните чувства по овие работи, тие ќе бидат наши. Можат да исповедаат што сакаат, но направете да се грижат повеќе за пари отколку за успехот на Христовото царство или ширењето на вистината што ја мразиме. Претставете им го светот во најдобро светло, за да го засакаат и да стане нивен идол. Мора да имаме контрола врз што е можно повеќе средства. Колку повеќе средства се посветуваат на Христовата служба, тие толку повеќе ќе му наштетат на нашето царство и ќе ги оттргнуваат од нас нашите поданици... Контролирајте ги средствата, а нивните проповедници доведете ги во состојба на немаштија и неволја. Ова ќе ја ослаби нивната храброст и ревност. Борете се за секоја педа земја. Алчноста и љубовта кон земните задоволства направете ги главни особини на нивниот карактер. Сè додека овие особини се на прво место, спасението и милоста се потиснати. Покажете им ги сите привлечности на овој свет и тие сигурно ќе станат наши. И не само што тие ќе бидат на наша страна, туку и нивното влијание нема да има сила која другите ќе ги води кон небото. Кога ќе направат и најмал обид да дадат средства наведете ги притоа да негодуваат како тоа можеле да го заштедат." - *Рани списи, 288.*

б. Зошто ни е дадено особено предупредување против алчноста? Лука 12,15.

"Себичноста и алчноста кои демнат во човечките срца се најсилни страсти и доведуваат до судир кој не е само привиден. Ако душата секојдневно 'јаде од Христовото тело и пие од Неговата крв' силата на побожноста ќе ја надвладее сатанската сила. Себичноста и алчноста ќе бидат победени. Самоуверениот, независен дух никогаш нема да влезе во Божјото царство. Само оние кои, слично на Христа, се самоодрекуваат и жртвуваат ќе станат соучесници со Него во Неговата слава." - *Одбрани пораки 2, 216.*

3. СЕРИОЗНО ПРАШАЊЕ

а. Како љубовта кон парите го влошува нашиот духовен живот и кој е лекот за тоа? 1 Тим. 6,9.10.

.....

.....

"Христос се понудил себеси како бесценета жртва. Тоа само по себе е победа врз лакомството и воздигање на добродушноста.

"Постојаното самооткажување е Божји лек против себичноста и лакомството кои како канцер ја нагризуваат душата. Бог ја воспоставил добродушноста за да го одржи своето дело и да ги задоволи потребите на сиромашните и страдалните. Тој наредил давањето да стане навика, за да се победи опасниот и лукав грев - алчноста. Постојаното давање доведува до изумирање на алчноста. Бог воспоставил систематска добродушност за да ги искористи богатствата на алчните со исто темпо со кое тие биле натрупани и да бидат посветени на Господа, кому вистински му припаѓаат." - *3 Сведоштво, 510.*

"Самопожртвуваноста е клучна во Христовото учење. Честопати е претставена со авторитет, затоа што Бог знае дека не постои друг начин да се спаси човекот и да се ослободи од себичноста, која доколку се задржи го деградира целото битие." - *9 Сведоштво, 45.*

"Љубовта кон парите и пријателството со светот го загрозува духовниот живот на Божјиот народ." - *2 Сведоштво, 741.*

б. На што сака Бог да го фокусираме нашето внимание, и зошто? Кол. 3,1.

.....

"Себичноста е грев што ја уништува душата. По неа следи алчноста, што во суштина е идолопоклонство. Сите нешта му припаѓаат на Бога. Сиот просперитет што го уживаме е исход на божествената добрина. Бог е голем и обилен дарител. Ако Тој бара еден дел од подареното, тоа не е за да се збогати со нашите дарови, бидејќи Тој не зависи од нашата рака, тоа е за да вежбаме самоодрекување, љубов и сочувство кон нашите ближни, и на тој начин духовно да се воздигнеме. Низ сите векови, од Адам па до денес, Тој полага право на имотот на луѓето и вели: Јас сум законски сопственик на универзумот, затоа посветете ми ги вашите први плодови, дадете придонес како знак за лојалност, предадете ми го она што е Мое и признајте го Моето владеење, а Јас ќе ве наградам со изобилие и ќе ве благословам." - *4 Сведоштво, 453.*

4. ЗАВЕТ НА ЖРТВА

а. Имајќи го предвид краткото време што останува пред Господовото доаѓање, што треба да има на ум секој од нас кога ги распоредува своите лични средства? Агеј 2,8.

.....

.....

"Крајот бргу се приближува, а мнозина во нашите цркви спијат. Главна задача на секого од нас треба да ни биде служењето на Бога. Господ на својот народ му доверил средства, некому повеќе, некому помалку. За мнозина големото богатство се покажа како стапица. Во нивната желба да ја следат модата на овој свет, тие ја изгубија ревноста за вистината и во опасност се да го изгубат и вечниот живот. Луѓето на Бога треба да му враќаат во иста мера со која Тој ги благословува со добра." - *Денес со Бога, 349.*

"Некои ги затвораат своите уши пред повикот за средства кои се потребни за праќање мисионери во странски земји и за објавување на книги со вистината кои како есенски лисја треба да го преплаваат светот. Таквите ја оправдуваат својата алчност и кажуваат дека ќе бидат дарежливи кон крајот на својот живот. Тие велат дека за Божјото дело одвоиле дел во нивните тестаменти. На тој начин живеат живот на лакомост и крадат од Бога во жртви и приноси, а со своите тестаменти на Бога му враќаат само мал дел од она што Тој им го позајмил, додека најмногу средства одвојуваат за своите роднини кои немаат интерес за вистината." - *4 Сведоштво, 456.*

б. Кое особено предупредување во врска со управувањето на ресурсите им го упатува Христос на родителите? Мат. 10,37.

.....

.....

"Верните родители честопати својот имот го даваат на нивните неверни деца и така пропуштаат на Бога да му го посветат она што со право му припаѓа. Правејќи така не ја извршуваат задачата што тој им ја дал и во непријателските редови принесуваат средства што Бог им ги доверил за да ги дадат за Неговото дело кога ќе има потреба. Не е Божја волја родителите кои сè уште се способни да работат, контролата на своите имоти да ја предадат на своите деца, дури и ако тие ја исповедаат истата вера." - *1 Сведоштво, 474.*

Четврток *10. мај*

5. НАЈБЕЗБЕДЕН СЕФ

а. Каква сигурност им нуди Христос на сите што ќе направат завет на жртва со Него? Мат. 6,28-33.

"Отворете ги вашите срца и прифатете го (Божјото) царство, а служењето за негово унапредување нека биде вашиот најголем интерес. Иако тоа е духовно царство, немојте да се плашите дека вашите потреби во овој живот нема да бидат задоволени. Ако себе се предадете на Божјата служба, Тој кој ја има целата моќ и на небото и на земјата ќе се погрижи за сè што ви е потребно." - *Мисли од гората на блаженствата, 70.*

"Секој чин на саможртвување за доброто на другите ќе го зајакне духот на милосрдност во срцето на оној што дава и ќе доведе до поблиска врска со Откупителот на светот." - *Совети за управителите, 20.*

б. Како најдобро можеме да го сочуваме нашето богатство? Изреки 3,9.10.

"Сакате ли да го направите вашиот имот безбеден? Ставете го во раката која ги носи белезите од клиновите на распнувањето. Задржете го за вас и ќе го загубите за вечност. Дајте го на Бога и од тој миг ќе го носи Неговиот натпис и ќе биде запечатен со непроменливост." - *Совети за управителите, 49.*

"Ние треба да инвестираме во небесните интереси и секогаш кога работиме да го имаме небото пред очи, и на тој начин нашето богатство ќе го вложуваме во небесната банка." - *Знаците на времето, 4. април, 1895.*

Петок *11. мај*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Зошто парите можат да бидат талент кој открива многу нешта за нашето срце?**
2. **Опиши ја стратегијата на сатанската завера против оние што ја држат саботата?**
3. **Кој благослов ќе го примиме ако ја победиме љубовта кон парите?**
4. **Што треба да биде наша преокупација како што се приближува крајот на времето?**
5. **Кое ветување е дадено за оние кои своето богатство го вложуваат во небесната банка?**

Десеток

"И секој десеток треба да му се посвети на Господ." – 3 Мојс. 27,32.

"Десетокот е свет, тоа Бог го оставил за Себе." – *Совети за управителите, 93.*

ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: ***Слуги на евангелието, 200-205.***

Недела *13. мај*

1. ОД ДЕНОТ НА СОЗДАВАЊЕТО

а. На кој начин Бог резервирал за себе дел од Едемската градина? 1 Мојс. 2,16.17. Како ова се споредува со десетокот? Мал. 3,7.8.

.....

"Господ во Едем создал секакви дрвја пријатни за гледање и добри за јадење и им заповедал на Адам и Ева слободно да ги уживаат Неговите дарови. Сепак, направил еден исклучок. Не смееле да јадат од дрвото на познавање на доброто и злото. Тоа дрво Бог го издвоил како постојан потсетник дека Тој е сопственик на сè. Со тоа им дал прилика да ја покажат својата вера и доверба во Него со совршена покорност кон Неговите заповеди.

"Исто е и со Божјите барања кон нас. Тој го предава своето богатство во рацете на луѓето, но бара од тоа верно да се одвојува една десетина за Неговото дело. Тој бара овој дел да се стави во Неговата ризница. Тоа треба да му се предаде Нему како Негова сопственост; тоа е свето и треба да се користи за свети цели – за издржување на оние кои ја носат пораката за спасение во сите делови на светот." – *6 Сведоштво, 357.*

б. Каква била практиката на раните патријарси во врска со десеттиот дел од нивниот приход ? 1 Мојс. 14,18-20; 28,20-22.

"Системот на десеток не потекнува од Евреите. Уште од најстари времиња Господ полагал право на десеттиот дел и ова барање секогаш било признато и почитувано." – *Патријарси и пророци, 551.*

2. ВО ЕВРЕЈСКАТА ЕКОНОМИЈА

а. Какви конкретни упатства во почетокот и биле дадени на еврејската нација во врска со десетокот? 3 Мојс. 27,30.32. Како овој принцип бил нагласуван низ сите векови? Мал. 3,10.

.....

"Во Еврејската економија една десетина од приходите на луѓето била издвојувана за поддршка на јавните богослуженија...

"И кога Израелците биле организирани како нација, законот за десеток е потврден како Божја уредба и од почитувањето на таа уредба зависела нивната благосостојба." – *Патријарси и пророци, 551.*

"'Десетокот... е на Господа'. Тука е употребен ист облик на изразување како и во заповедта што се однесува за празнувањето на саботата. 'Седмиот ден е сабота Господова, ден на твојот Бог' (2 Мојс. 20,10). Еден одреден дел од времето и од средствата доверени на луѓето Бог задржал за себе и човекот не може ниеден од тие делови да задржи за своите сопствени интереси а да не биде виновен." - *Патријарси и пророци, 552.*

б. Што покрај десетокот исто така требало да се издвои за Бога? 2 Мојс. 34,26 (прв дел); 2 Лет. 31,5.6.

.....

"Дури и пред да било можно да се приложи десеток, на Бога му се оддавало признание за неговите благослови. Првиот меѓу земните плодови што би узреал, му бил посветуван Нему. Првата волна при стрижењето на овците, првото жито од гумно, првото масло и првото вино, биле одделувани за Господа; исто така и секое прво добиено младенче од добитокот и од стадото; за прворoдениот син е давана откупнина. Првите плодови морале да се изнесат пред Господа во светињата и тие им припаѓале на свештениците.

"Така народот постојано бил потсетуван дека Господ е вистинскиот сопственик на нивните ниви и на нивните стада овци и говеда, дека Тој со благотворните зраци на сонцето и дождот им овозможил сеидба и жетва, дека Тој е Творец на сè што имаат и дека нив ги сторил само повереници на неговите добра.

"Кога луѓето од Израел, натоварени со првите плодови од полето, овоштарниците и лозјата, се собирале пред светињата, тоа претставувало јавно признавање на Божјата добрина." – *Патријарси и пророци, 552.*

3. БЕЗВРЕМЕНСКО НАЧЕЛО

а. Што било вклучено во реформата спроведена во деновите на Немија? Немија 10,37; 12,44.

.....

.....

б. Која пракса на фарисеите и Христос ја одобрил? Мат. 23,23. Зошто начелото на десетокот се применува и во новозаветната ера? Евр. 7,1-5.8.20.21.

.....

.....

"Законот за десеток, како и празнувањето на саботата во Новиот завет не се става повторно во сила, бидејќи полноважноста на обата се преземени од Стариот завет, и нивното длабоко духовно значење целосно е објаснето.

"Бог апсолутно резервирал за Себе одреден дел од нашето време и нашите средства. Да се игнорираат овие тврдења значи да крадеш од Бога." – *РХ, 16. мај, 1882.*

"Десетокот треба да се посвети на Бога. Неговите барања доаѓаат на прво место. Ние не ја извршуваме Неговата волја ако Му го посветуваме она што ни преостанало откако сме ги задоволиле своите потреби. Пред да трошиме било кој дел од нашите приходи, треба да го издвоиме и предадеме делот кој Тој изрично го бара како свој. Но кога го задржуваме она кое Тој го прогласил за свое, целиот наш имот го погодува проклетство и во небесните книги ни се припишува вина за разбојништво. Бог на човекот му дал девет десеттини, додека една десетина бара за свети цели – како што му дал на човекот шест дена да работи за свои потреби а седмиот ден е резервиран и одделен за Него." – *Записник од пацифичката унија, 10. октомври, 1901.*

"Додека ние како народ се стремиме верно да му го посветиме времето кое Тој го резервирал за себе, зарем да не му ги вратиме и дел од средствата кои Тој со право ги бара?...

"Десетокот од секој наш приход е Господов. Тоа Тој го резервирал за себе за да се употреби за верски цели. Тоа е свето. Ништо помалку од ова Тој, во поглед на давањето, не прифаќа во кој било период. Занемарувањето или одложувањето на оваа обврска ќе предизвика Божјо незадоволство. Кога сите кои тврдат дека се христијани верно би ги давале своите десетоци на Бога, Неговата ризница би била полна." – *Совети за управителите, 66.67.*

4. ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ ЗА НАС

а. Како начелото за десеток се однесува на осмата заповед? 2 Мојс. 20,15; 3,7-9.

"Бог ја става својата рака врз сиот имот на човекот, велејќи: Јас сум сопственикот на универзумот и сите богатства се мои. Десетокот кој вие го задржувате за себе, Јас го одредив за издржување на Моите слуги во нивното дело на отворање на Светите списи на оние кои се во темнина и кои не го разбираат Мојот закон. Употребувајќи го Мојот резервиран фонд за да ги задоволите своите барања, вие им ја скратувате на душите онаа светлина за која Јас се погрижив да ја примат. Сте имале можност да ја покажете својата верност кон Мене, но вие не го направивте тоа. Вие Ме крадевте; го крадевте Мојот резервен фонд. 'Вие сте проколнати' (Мал. 3,9)." – *6 Сведоштво, 358.*

б. Што не треба никогаш да заборавиме во врска со десетокот? 1 Кор. 9,13.14.

"Десетокот се издвојува за посебна намена; и не може да се смета како фонд за сиромашни. Парите од десетокот треба особено да се посветат за издржување на оние кои ја пренесуваат Божјата порака на светот; и не можат да се пренасочат за други намени." – *Совети за управителите, 103.*

"Никој нека не се чувствува слободен да го задржува десетокот и да го употребува според својата замисла. Човекот не смее да го употребува десетокот дури ниту во случај на итна потреба, ниту пак смее да го употребува како што му одговара, па дури и ако смета дека со тоа го помага Божјото дело.

"Мошне јасна, одредена порака ми е дадена за нашиот народ. Принудена сум да му кажам дека се прави грешка кога десетокот ненаменски се троши за разни објекти кои, иако се добри сами по себе, сепак не се она за што десетокот според Божјата изречна уредба е наменет. Оние кои на таков начин го користат десетокот се оддалечуваат од божественото уредување. Тој ќе им суди за тоа." - *Слуги на евангелието, 203.*

"Некои мислат дека десетокот може да се употребува за подигање и одржување на училишта. Други пак сметаат дека со десетокот треба да се издржуваат колпортерите. Меѓутоа, голема е грешка ако десетокот не се употребува за она за што и е наменет – за издржување на проповедниците. Денес би требало да имаме стотици добро оспособени работници таму каде што имаме само еден." – *Слуги на евангелието, 204.*

Четврток *17. мај*

5. НАШИ ПРВИ ФИНАНСИСКИ ПРИОРИТЕТИ

а. Што претставува клуч за духовен и овоземен напредок? Мат. 6,33.

"Не само што Господ тврди дека десетокот е Негова сопственост, туку Тој ни кажува како треба да го одделуваме за Него. Тој вели: 'Почитувај го Господа со својот имот и со првините на сиот свој приход' (Изреки 3,9). Тоа не значи дека треба да ги трошиме нашите средства прво за себе а на Господ да му го донесеме остатокот, туку дека треба во десетокот да бидеме почесни. Прво треба да го одделиме она што му припаѓа на Господа. Упатствата дадени од Светиот Дух преку светиот апостол Павле во поглед на даровите претставуваат принцип кој се однесува и на десетокот: 'Во секој прв ден од седмицата секој од вас да оддели и остави кај себе колку што може' (1 Кор. 16,2). Тука се опфатени и родителите и децата. Не само богатите, туку исто така и сиромашните." – *РХ, 10. ноември, 1896.*

б. Што Господ изјавува во поглед на она што е Негово? Мал. 3,10.

"Нека припадниците на Божјиот народ верно ги прилагаат своите десетоци, и нека заедно со своите деца одделуваат за Господа пари кои толку често се трошат на самозадоволство. Господ нѐ направил свои управители. Тој своите средства ги става во наши раце, за да верно ги распределиме. Тој со право бара да му го вратиме она што е Негово. Тој десетокот го резервирал, како свој дел, за да биде употребен за ширење на евангелието во сите делови на светот. Браќа мои и сестри, признајте ја и отфрлете ја својата себичност и принесете му ги на Господа своите дарови и прилози. Исто така донесете ги и десетоците кои сте ги задржале. Дојдете и признајте ја својата немарност. 'Испитајте го Господа' како што Тој ве повикува преку својот пророк." - *РХ, 23. ноември, 1905.*

Петок *18. мај*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Која очигледна поука од Едем го илустрира принципот на десетокот?**
2. **Што е барано од Евреите да направат пред да ги донесат своите десетоци во Божјата ризница?**
3. **Зошто системот на десеток е применлив и во новозаветната ера?**
4. **Што ќе се случи ако секој христијанин верно го дава својот десеток?**
5. **Каква благодат им донесува верното давање на десеток на сите кои учествуваат во тоа?**

Доброволни дарови

"Што да Му дадам на Господ, за сите Негови добрини кон мене?" - Псалм, 116,12.

"Со своето самоодрекување во делото на добродетелство, со своите доброволни дарови, ние даваме очигледни докази дека вистината ја извршила својата задача во нашето срце." - *РХ, 14 јули, 1904.*

ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: ***3 Сведоштво, 361-371.***
4 Сведоштво, 440-453.

Недела *20. мај*

1. ПРВИНИ

а. Која изјава му била дадена на Божјиот народ во почетокот на нивната историја? 2 Мојс. 22,29.

.....

.....

"Бог ја поставил својата рака врз сите нешта, врз човекот и неговиот имот; сè му припаѓа Нему. Тој вели: Јас сум сопственикот на светот; универзумот е мој; и Јас барам од вас да ги посветите во моја служба првите плодови од сè што – благодарение на моите благослови – дошло во ваши раце. Божјата Реч изјавува: 'Не воздржувај се да ги принесеш првите плодови' (Излез 22,29). 'Почитувај го Господа со својот имот и со првините на сиот свој приход'(Изреки 3,9). Овој прилог Тој го бара како знак на нашата верност кон Него." – *Совети за управителите, 72.*

б. Која пракса, обновена во реформата спроведена во времето на Неемија, исто така е потребна и меѓу нас денес? Неемија 10,34-37.

.....

"Покрај десетокот, Господ бара и првина од сите наши приходи. Тој го резервирал тоа за себе за со тоа да биде обемно подржано Неговото дело на земјата. Божјите слуги не треба да бидат ограничени со оскудно снабдување." – *6 Сведоштво, 355.*

2. БЛАГОДАРНИ, ДОБРОВОЛНИ И ЖРТВИ ЗА ГРЕВ

а. Што нѐ учи Библијата за давањето? Псалм 50,14; 116,12.

"Јаков чувствувал дека Бог му поставил извесни барања што морал да ги признае и дека треба со нешто да возврати за посебните знаци на Божјата наклоност кон него. Така и секој благослов што нам ни е подарен бара со нешто да му одговориме на Оној од кого потекнува секој добар дар и секоја благодат што ја примаме." – *Патријарси и пророци, 182.*

"Нашето време, нашите таленти и нашиот имот треба да му ги посветиме на Оној кој ни ги дал тие благослови. Во секое избавување од некоја неволја, во секоја нова и неочекувана примена благодат и милост, ние треба да ја признаеме Божјата добрина; и нашата благодарност треба да ја покажеме не само со израз на благодарност во зборови, туку, како Јаков, со дарови и приноси наменети за напредок на Неговото дело. Како што постојано ги примаме Божјите благослови, така постојано треба и да даваме." – *Патријарси и пророци, 183.*

б. Зошто Езекиел увидел дека има потреба од реформа во Јудеја? 2 Лет. 29,1-7. 27-33. Каква реформа е потребна и меѓу нас денес?

"Меѓутоа, постои голема немарност во поглед на оваа должност. Многумина ги задржуваат средствата кои Бог со право ги очекува и на тој начин го крадат Бога. Раководејќи се според себичноста на своето срце, тие не даваат десеток од сѐ, што Господ со право го бара. Тие дури на годишните собири не ги принесуваат своите дарови на благодарност, доброволни прилози и жртви за престап. Многумина излегуваат пред Господа со празни раце. "Смее ли човек да краде од Бога? А вие крадете од Мене! Ќе речете: "Што крадеме од Тебе"? - од десетокот и приносот'." – *3 Сведоштво, 475.*

"Донесете ги вашите жртви за грев, вашите благодарни и доброволни прилози; понизете се во срцето пред Господа, Тој е секогаш подготвен да прими и помилува." - *РХ, 8. јули, 1880.*

"(Божјите) гласници не треба на тој начин да бидат хендикепирани во нивната работа при проповедање на Речта на животот. Во проповедањето на вистината тие треба да имаат средства кои ќе ги инвестираат за унапредување на делото, кое мора да се направи во вистинско време, за да се постигне најдобро и најспасоносно влијание. Мораат да се вршат дела на милосрдие, мора да им се помогне на сиромашните и напатените. За таа цел треба да се наменат даровите и прилозите. Ова мора да се направи особено во новите полиња каде сѐ уште не е издигнато знамето на вистината." – *6 Сведоштво, 355.*

3. ЛЕВИТСКА ДАРЕЖЛИВОСТ

а. Како Бог ја комбинира должноста и благословот? Изреки 11,24.25.

.....

.....

"Левитскиот систем особено се одликувал со посветување на имотот. Кога зборуваме за десетокот како стандард на еврејските придонеси за верски цели, ние не зборуваме со доволно разбирање. Господ ги ставил своите барања над сè друго. И речиси во секоја поединост тие се потсетувани на Дарителот да му го вратат она што Тој го бара...

"Некои совесни поединци му враќале на Бога околу една третина од сите свои приходи за верски цели и за сиромашните. Овие прилози биле барани не само од одредена класа на луѓе, туку од ***сите***, барањето било пропорционално според износот што го поседувале." – *4 Сведоштво, 445.*

"Секогаш, во кој било период на овоземната историја, кога припадниците на Божјиот народ радосно и доброволно го спроведувале Неговиот план на систематска добродушност и во дарови и прилози, можеле да се осведочат дека ветениот напредок ги следи нивните напори токму во соодносот со нивната послушност." – *3 Сведоштво, 366.*

б. Кога заветуваме парични средства, што никогаш не смееме да заборавиме? Проповедник 5,4.5; Псалм 66,13.14.

"Господ сака членовите на Неговата црква своите обврски кон Него да ги сметаат исто толку обврзувачки како и нивните долгови кон некој трговец или маркет. Секој нека го преиспита својот минат живот за да види да не запоставил да исполни некое свое ветување; и тогаш нека вложи краен напор да плати сè 'до последен денар', зашто на крајот сите ќе мораме да се најдеме пред судот на кој ќе може да се одржи само чесноста и вистината." – *4 Сведоштво, 453.*

"Бог го задржува апсолутното право на одреден дел од нашето време и нашите средства. Да се игнорираат овие барања значи да се закинува од Бога. Христијаните се фалат дека нивните привилегии далеку ги надминуваат оние од еврејското доба. Треба ли тогаш да дадеме помалку за Божјото дело од она што го давал Неговиот древен народ? Десетокот бил само дел од нивните давања. Покрај доброволните прилози и жртви на благодарност барани се и други бројни дарови, кои тогаш, како и сега, биле вечна обврска." - *РХ, 16, мај, 1882.*

4. ДРУГ ДЕСЕТОК

а. Во еврејската економија што претставувал вториот десеток – и која била неговата цел? 5 Мојс. 14,22.23.27-29; 26,12.13.

"За да се поттикне народот да доаѓа на богослуженијата и да им се помогне на сиромашните, бил заведен втор десеток од целокупниот приход. Во врска со првиот десеток, Господ рекол: 'Еве, на Левиевите синови им ги давам во наследство сите десетоци во Израел' (4 Мојс. 18,21). А за вториот десеток Тој заповедал: 'И тогаш јади го десетокот од своето жито, од своето вино, од своето масло и првините од својот крупен и ситен добиток пред твојот Господ Бог, во местото што ќе го одбере Тој да се призива таму Неговото вечно име; така ќе научиш да се боиш од твојот Господ Бог' (5 Мојс. 14,23.29; 16,11-14). Тој десеток или соодветна вредност во пари, морале секоја втора година да го донесат во местото каде што се наоѓала светињата. Откако на Бога му е принесена жртва благодарница и одреден дел му е даден на свештеникот, поклониците од преостанатиот дел приредувале верска гозба на која биле повикувани Левитите, странците, сирачињата и вдовиците. На тој начин на годишните празници се водела грижа за жртвите благодарници и за гоштавање на присутните, а народот бил привлечен во друштво на левитите и свештениците да ги упатат и да ги охрабрат да му служат на Бога.

"Меѓутоа, секоја трета година овој втор десеток е употребуван дома за гостење на левитите и сирачињата, како што рекол Мојсеј: 'Да јадат во твоите места и да се наситат' (5 Мојс. 26,12). Тој десеток претставувал фонд за добротворни цели и за негување на гостопримство." – *Пророци и цареви, 557.*

б. Каква благодат им донесувал на дарителите, во духовна смисла, вториот десеток и на кој начин тоа може да претставува благослов и денес? Изреки 19,17.

"Посветувањето на десеттиот дел од сиот приход на Бога, било од овоштарникот или од жетвата, од овци и говеда, од умствената или физичката работа, посветувањето на вториот десеток за помош на сиромашните или некоја друга добротворна цел, имало за цел да го потсетува народот на вистината дека Бог е сопственик на сè и дека луѓето имаат предимство да бидат пренесувачи на Неговите благослови. Со таквото воспитување се искоренувала секоја тесноградa себичност, а се развивале широкоградоста и благородноста на карактерот." – *Воспитување, 44.*

"За употреба на вториот десеток секогаш ќе се најдат доволно места за срдечната мисионерска работа во нови места." – *Објавени ракописи, том 7, 139.*

Четврток *24. мај*

5. ДАВАЊЕ ВО ПРАВ ДУХ

а. Што треба да сфатиме кога даваме прилози за Божјото дело? Марко 12,41-44. Како можеме да ја утврдиме висината на првите плодови (првината) и другите прилози? 5 Мојс. 16,17.

.....

"'Колку му должиш на мојот господар?' (Лука 16,5). Не е можно тоа да се каже. Сè што имаме е од Бога. Тој става рака на нашиот имот и кажува: 'Јас сум вистинскиот сопственик на целиот универзум; сето ова е мое. Посветете ги на мене десетоците и даровите. Кога тоа ќе го донесете како гаранција за вашата верност и покорност на мојата суверена моќ, моите благослови ќе го зголемат вашиот имот и ќе имате во изобилие." – *9 Сведоштво, 253.*

"Прилозите што се барале од Евреите за верски и добротворни цели изнесувале полна четвртина од целокупните нивни приходи. Можело да се очекува дека толку високите даноци ќе го осиромашат народот; но, напротив, верното исполнување на овие прописи всушност претставувало еден од условите за нивниот напредок и благосостојба." – *Патријарси и пророци, 553.*

б. Каков став Господ сака секој од нас да пројави? 2 Кор. 9,6.7; Мат. 6,1-4.

"На Господ не му се потребни нашите прилози. Ние не можеме да го збогатиме Него со своите дарови. 'Од Тебе е сè, и откако примивме од Твоите раце, Ти дадовме Тебе' (1 Лет. 29,14). Сепак Господ дозволува со своите самопожртвувани напори – за да се допре до другите – да покажеме колку ги цениме Неговите благодати. Тоа е единствениот начин кој ни овозможува да ја покажеме својата благодарност и љубов кон Бога. Тој не предвидел ништо друго." – *Совети за управителите, 18.19.*

Петок *25. мај*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Зошто Господ бара од нас да му ги дадеме нашите првини Нему?**
2. **Кои видови на прилози Господ сè уште и денес бара од нас?**
3. **Што можеме да научиме од Евреите во поглед на давањето?**
4. **За кои цели вториот десеток може да се користи во нашите денови?**
5. **Каква е вредноста на дарот кој го даваме во Божјите очи?**

Прилог во првата сабота во месецот За Етиопија



Федеративна Демократска Република Етиопија е една од најстарите земји во светот. Според Britannica Concise Encyclopedia, "Етиопија, библиската земја на Куш, била населена од најстари антички времиња и некогаш била под управа на древниот Египет. Во кралството Da'ament основано во VII век пред Христа, христијанството е воведено во IV век од нашата ера и станало широко распространето".

Површината на Етиопија е 1.104.300 квадратни километри. Бројот на населението е (во јули 2011) 90.873.739 жители. Јазици: Amharis, Oromigna. Религии: Христијани (претежно Етиопски православци); протестанти, муслимани и други традиционални верувања.

Нашата кратка историја во Етиопија започнала кога еден проповедник на АСД и неговите приврзаници започнале реформа во рамките на АСД. По некое време, овие браќа, со одреден број на верници излегле од адвентистичката црква и станале независни. По некое време, тие се придружиле на една одвоена група.

Во јуни 2088. година, двајца проповедници на Реформното движење на АСД, Михаел Стојко и Jorai P. da Kruz, на нивниот пат кон Нигерија, застанале во Адис Абеба, да добијат виза за влез во Нигерија. Братот Kruz направил некои контакти со водечките работници, воглавном браќата Sileshi I Megale, и им оставиле наша литература. Подоцна, во ноември истата година, била одржана серија на проучувања и двајца проповедници и седум библиски работници пристапиле во Реформното движење. Во јануари 2009. година во Етиопија биле организирани две мисии со 435 нови членови. Денес Унијата на етиопската мисија има околу 600 членови.

Треба итно да се изгради во Адис Абеба, најголемиот град, Молитвен дом и централа за нашето дело. Бидејќи ние немаме доволно ресурси за да го реализираме овој проект, им се обраќаме на нашите браќа, сестри и пријатели од целиот свет оваа цела да стане реалност.

"Мнозина ќе бидат повикани да извршат вонредна служба. Целиот свет се отвора за Евангелието. Етиопија ги подава своите раце кон Бога." – *Воспитување, 232.*

Ќе сакате ли вие широко да го отворите своето срце и споделите вашите финансиски благослови за создавање на моќен светилник во Адис Абеба?

Вашите браќа и сестри од Етиопија

Божја ризница – Неговата црква

“Вие кои како живи камења сте вградени во духовен дом, свештенство свето, за да принесувате духовни жртви кои Му се на Бога пријатни преку Исус Христос.“ - *1 Петр. 2,5.*

“Христовата црква е многу драгоцена во Неговите очи. Таа е ковчег кој ги содржи Неговите бесценети камења, кошара која го оградува Неговото стадо.“ – *Верата со која живеам, 280*

ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: ***Делата на апостолите, 5-10.***

Недела *27. мај*

1. КОШАРА ЗА НЕГОВОТО СТАДО

а. Зошто Бог има црква на земјата? 1 Петр. 2,5.9.

.....

.....

“Црквата е Божјо орудие за спасување на луѓето. Таа е организирана да служи и нејзина задача е да му го објавува евангелието на светот. Божја намера уште од почеток е светот со помош на црквата да го спознае совршенството на Неговата добрина, милост и моќ. Верниците на црквата, што Тој ги повикал од темнината ‘кон своето чудесно видело’, мора да ја одразуваат Неговата слава. Црквата е ризница на богатството на Христовата милост и преку неа Божјата љубов конечно ќе им се открие дури и на ‘началствата и на властите на небесата’ (Ефес. 3,10).“ – *Делата на апостолите, 5.*

б. Кои особини се од суштинско значење во вистинската Божја црква? Откр. 14,12, Ефес. 4,4-6.

.....

.....

“Ние треба да се обединиме, но не на платформата на заблудите.“ – *Специјални сведоштва, серија Б, бр. 2, стр. 47.*

2. СИГУРНО УТОЧИШТЕ

а. Бидејќи, само Христовото присуство во нашето срце (Јован 15,4.5) може да нѐ направи единствени во вистината, кој пример на првите ученици не треба никогаш да го заборавиме? Дела 1,13.14; 2,46; 4,32.

"(Дванаесетте апостоли) биле доведени заедно со своите мани, со сите наследени и стекнати склоности кон злото, но сепак, во и преку Христа тие требало да живеат во Божјото семејство, учејќи да станат едно во верата, учењето и духот. Тие ќе имаат свои проби, свои поплаки и различни мислења, но додека Христос бил во нивното срце меѓу нив не можело да има неслога. Неговата љубов би ги навела да се љубат еден со друг; поуките на Учителот би ги воделе да ги усогласат сите разлики, донесувајќи ги учениците во единство, додека не станат еднодушни и истомисленици." – *Копнежот на вековите, 276.*

б. Која одговорност презема секој од нас кога ќе го потчини својот живот на Христа? 1 Тим. 3,15.

"Мошне е тесна и света врската помеѓу Христа и Неговата црква – Тој е младоженец, а црквата невеста; Тој е глава, а црквата тело. Врската со Христа, според тоа, вклучува и врска со Неговата црква.

"Црквата е организирана да служи; и во животот кој е посветен на службата за Христа, врската со црквата е еден од првите чекори. Верноста кон Христа бара верно исполнување на црковните должности." - *Воспитување, 268.269.*

б. Каква привилегија му се нуди на секој член на вистинската Божја црква? 1 Јов. 1,7; Евр. 10,24.25.

"Проповедањето е само еден мал дел од работата во спасувањето на душите. Божјиот Дух го осведочува грешникот во вистината и го доведува во прегратките на црквата. Проповедниците можат да го направат својот дел, но никогаш нема да можат да ја извршат работата која црквата треба да ја направи. Бог бара од служителите во црквата да ги негуваат оние кои се млади во верата и искуството, да ги посетуваат, не да водат со нив празни разговори, туку да се молат со нив и да им упатуваат зборови кои се 'како златно јаболко во сребрена кошничка' (Изреки 25,11)." – *Евангелизам, 352.*

3. ПОВИКАНИ НА СЛУЖБА

а. Која должност верниците често ја занемаруваат? Псалм 60,4.

.....

"Во многу од нашите организирани цркви знамето на вистината се влече по правот затоа што членовите не му служат на Бога туку на своите задоволства. Со својот став тие негативно влијаат на душите што се околу нив. Со попуштањето на својата себичност, со световните навики во облекувањето, со своите зборови и постапки, тие со поука и пример сведочат против вистината, против самоодрекувањето, против Христовата кротост. Тие се духовно студени и далеку одвоени од Христа. Кога би оделе по Христовите стапки, тие би биле учесници во Неговото самоодрекување и самопожртвување и би можеле да ги воздигаат и спасуваат душите кои се готови да пропаднат." – *Објавени ракописи XIX, 173.*

б. На што секој Христов следбеник постојано се повикува? 2 Тим. 2,1-4.

.....

"Христовата црква е организирана да служи; нејзината лозинка е: 'Да се служи'. Нејзините членови се војници, кои мораат да бидат обучени за борба под раководството на Капетанот на нашето спасение. Христијанските проповедници, лекарите и учителите, имаат задача поголема отколку што многумина воопшто сфаќаат. Тие не треба само да им служат на луѓето, туку да ги поучуваат како и тие да им служат на другите. Доколку вистината не се спроведе во животот и не се пренесе на другите, таа ја губи својата животворна моќ и исцелувачка сила. Нејзиниот благослов ќе биде задржан единствено, доколку таа биде споделена." – *Здравје и среќа, 101.*

ц. Што помага за обединување на црквата? Гал. 6,2; Ефес. 4,1-3.

"Црквата никогаш не може да стигне до позиција која Бог ја посакува сè додека во љубов и сочувство не се соедини со своите мисионерски работници. Единството за кое Христос се молел никогаш нема да постои сè додека во мисионерската служба не се внесе духовност, и сè додека црквата не стане средство за поддршка на мисиите. Напорите на мисионерите нема да ја остварат посакуваната цел сè додека членовите на црквата, не само со зборови туку со дела, не покажат дека ги сфаќаат своите обврски да им дадат сесрдна поддршка на тие мисионери." – *Совети за управителите, 47.48.*

4. РАСТЕЊЕ И РАЗВОЈ

а. Како вдахновението го опишува растот и развојот на верниците и на црквата? Ефес. 2,19-22; 4,14-16; 1 Кор. 3,9-13.

"Бог ја става на проба секоја душа која тврди дека верува во Него. На сите им се доверени таленти. Господ им ги дал своите добра на луѓето за да тргуваат со нив. Тој ги направил свои повереници и им дал пари, куќи и земја. И сето тоа треба да се смета за Господов имот и да се употреби за напредок на Неговото дело, за изградување на Неговото царство во овој свет. Тргувајќи со Господовите добра, мораме да бараме мудрост од Него за неговиот свет имот да не го употребуваме за прослава на себеси и за задоволување на своите себични желби. Износот на доверениот имот е различен; меѓутоа, тие што добиле најмалку дарови не би смееле да чувствуваат дека поради тоа што даровите им се мали, дека не треба да дадат ништо." – *9 Сведоштво, 251.*

"Нашето дело не беше издржувано од големи дарови или наследства, бидејќи меѓу нас имаше малку богати луѓе. Која е тајната на нашиот просперитет? Ние напредувавме под наредбата на Капетанот на нашето спасение. Бог ги благословуваше нашите обединети напори. Вистината се ширеше и цветеше. Установите се множеа. Синаповото зрно израснало во големо дрво. Системот на организација се покажа како голем успех. Се пристапи на систематска дарежливост според планот на Библијата. Телото беше 'составено и сврзано преку сите дарувани врски' (Ефес. 4,16)." – *Сведоштво за проповедниците, 27.*

б. Што е тоа што овозможува талентите и средствата најефикасно да се искористат меѓу верниците? 1 Кор. 1,10; 14,40. Од друга страна, што е тоа што предизвикува мнозина да биваат изгубени од редовите на чуварите на саботата?

"О, како сатаната би се радувал кога би успеал некако да се вовлече меѓу нас и да ја дезорганизира работата во време кога темелната организација е од суштинско значење и ќе биде најголема сила која треба да ги одбие лажните востанија и да ги побие тврдењата кои не се одобрени од страна на Божјата реч! Мораме да бидеме постојано претпазливи за да не дојде до било какво рушење на системот, на правилата и редот. Само така бунтовните елементи нема да добијат дозвола да го контролираат делото. Ние живееме во времето кога редот, организацијата и единство во акцијата се најважни." - *Сведоштво за проповедниците, 228.*

Четврток *31. мај*

5. ОПТИМАЛНА СЛУЖБА И КРЕДИБИЛИТЕТ

а. Опишете ја состојбата која мора да постои меѓу Христовите следбеници за да се обезбеди успех во нашите мисионерски потфати. Јован 10,16; 13,35; 17,18-23.

"Како што се зголемуваше нашиот број беше очигледно дека без некој облик на организација ќе дојде до голема конфузија и делото нема да може да продолжи со успех. За да се осигурат средства за издржување на проповедници, за вршење на работа во нови области, за заштита на црквите и проповедниците од недостојните членови, за зачувување на црковниот имот, за објавување на вистината преку печатот и поради многу други причини, организацијата беше неопходна." – *Сведоштво за проповедници, 26.*

"(Ангелот рече): 'Црквата мора да се обрати кон Божјата Реч и да се придржува кон евангелскиот ред кој беше лесно сфатен и занемарен'. Ова е неминовна потреба за црквата да дојде во единство на верата." – *Рани списи, 110.*

"Исус се молел Неговите ученици да можат да бидат едно... Таквото единство може да го убеди светот дека ја продолжуваме Христовата мисија и дека имаме божествени акредитиви." – *РХ, 11. јуни, 1890.*

"Ако постоеле тешкотии меѓу браќата и сестрите – ако имало завист, злоба, горчина, зли претпоставки, исповедајте ги тие гревови, но не на еден воопштен начин, туку едноставно отидете лично кај вашите браќа и сестри. Бидете конкретни. Ако сте направиле една грешка а тие дваесет, признајте ја таа една грешка како да сте вие главниот виновник. Загрлете го оној кој се чувствува навреден и, со срце омекнато под влијанието на Божјиот Дух, речете: 'Ќе сакаш ли да ми простиш? Не постапив исправно кон тебе. Сакам да ја исправам секоја грешка, за да не остане ништо запишано против мене во небесните книги. Записникот за мене мора да биде чист.' Кој, според ваше мислење, би можел да одолее на таков гест како овој?" – *РХ, 16. декември, 1884.*

Петок *1. јуни*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како можеме да го утврдиме идентитетот на вистинската Божја црква?**
2. **Зошто членството во црквата е важно за верниците како поединци?**
3. **На кој начин можеме да бидеме во опасност да сведочиме против вистината?**
4. **Наведи некои фактори кои ќе поттикнат единство во црквата?**
5. **Со што можеме да докажеме пред светот дека навистина имаме божествени акредитиви?**

Божјиот план за финансирање на Неговото дело

“Ние сме Му соработници на Бога, а вие сте Божја нива, Божјо здание.“ - ***1 Кор. 3,9.***

“Бог луѓето ги сторил свои управители. Имотот што го ставил во нивни раце всушност се средства што Тој ги предвидел за ширење на евангелието.“ – *Патријарси и пророци, 555.*

ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: ***4 Сведоштво, 545-550.618.619.***

Недела *3. јуни*

1. ЗА СЕКОГО ПО НЕШТО

а. Кој е Божјиот метод за усовршување и обединување на Неговите расеани овци? Ефес. 4,11-16.

.....

.....

“Испраќајќи ги своите слуги нашиот Спасител им дал дарови на луѓето, за преку нив Тој да комуницира со светот со зборови на вечен живот. Тие претставуваат од Бога одредени средства заради усовршување на светиите во знаење и вистинска светост.“ – *5 Сведоштво, 219.*

б. На кој начин ова ги вклучува и должностите и предностите на секој верник? 1 Кор. 3,7.8.

.....

.....

“Господ направил проповедањето на евангелието да зависи од посветените способности и доброволните дарови и придонеси на Неговиот народ. Додека Тој ги повикува луѓето да ја проповедаат Неговата Реч, Тој на црквата како целина и нуди привилегии да учествува во делото помагајќи го со свои средства.“ – *Во небесните пространства, 303.*

2. ПОУЧУВАЊЕ НА БОЖЈИ НАЧИН

а. На кој начин мнозина денес го повторуваат гревот на Надав и Авиуд? 3 Мојс. 10,1.2.

"Каде во Божјите упатства за поддршка на Неговото дело наоѓаме какво било спомнување на базари, концерти, раскошни приредби и слични забави? Зарем Божјото дело мора да зависи од вакви манифестации кои се забранети во Неговата Реч – кои умот на набљудувачот го одвраќаат од Бога, од трезвеност, од побожност и светост?" – *Совети за управителите, 204.*

"А каков впечаток сето тоа остава врз умот на неверниците? Светите критериуми на Божјата Реч се влечат по прашина. Христијанството и Божјото име се излагаат на презир. Со такво небиблиско извлекување на пари се поттикнуваат и охрабруваат изопачени принципи. А тоа е токму она што го сака сатаната. Луѓето го повторуваат гревот на Надав и Авиуд. Наместо свет тие употребуваат 'туѓ оган' во Божјата служба. Господ не прима такви приноси." – *Совети за управителите,205.*

б. Што можеме да научиме од начинот на кој Мојсеј собирал средства – и од одзивот на Израелците? 2 Мојс. 35,4.5.21.29; 36,3-7.

"Мојсеевиот план да се соберат средства за изградба на светињата бил мошне успешен. Не било потребно да се навалува со барањето. Тој не се служел со лукавства кон кои денес толку често прибегнуваат многу цркви. Не правел некои големи гозби. Не ги поканувал луѓето на свечени празници, на игранки или на заеднички веселби, ниту пак организирал лотарии, или пак нешто слично, за да добие средства за подигање на Божјата светиња. Господ му наредил на Мојсеј да ги повика синовите Израелови да донесат дарови. Тој требало да прими прилог од секого кој доброволно и од срце давал. И дарови се донесувани во толкаво изобилство, што Мојсеј морал да нареди да престанат да донесуваат, зашто било приложено повеќе отколку што можело да се употреби." – *Патријарси и пророци, 555.*

ц. Што во поглед на давањето секогаш треба да се има во предвид? 2 Кор. 9,7.

"Дали му ги донесовте на Бога своите дарови и приноси од изобилството со кое Тој ве дарувал? Дали му го вративте она за кое Тој тврди дека е Негова сопственост? Ако не сте, сè уште не е премногу доцна да ги исправите своите пропусти во тој поглед. Христовиот Дух може да го стопи ледот на себичноста кој ја проникнува душата." – *РХ, 13. октомври, 1896.*

3. ПРАКТИЧЕН СОВЕТ

а. Со што можеме да се изложиме на опасност врз себе да навлечеме проклетство кое го заслужиле жителите на Мероз? Судии 5,23.

"(Судии 5,23). Што направиле жителите на Мероз? Ништо. Тоа бил нивниот грев. Божјо проклетство дошло врз нив затоа што ништо не направиле." – *2 Сведоштво, 312.*

"Плодовите на себичност секогаш се откриваат во занемарувањето на должноста и во злоупотребата на даровите кои Бог им ги доверил на луѓето за унапредување на Неговото дело." – *Совети за управителите, 26.*

"Малата количина на средства наменети за делото на спасување на души е скромна и многу бавно пристигнува во Господовата ризница, а и таа скромна сума се добива со тежок труд. Кога сите би можеле да увидат колку алчноста, која сè повеќе зема замав, го попречува напредокот на Божјото дело во поглед на десетоците и приносите, кај мнозина би дошло до одлучна реформа; и не би се осмелувале повеќе, како досега, да го попречуваат напредокот на Божјото дело." – *4 Сведоштво, 460.*

б. Што учи Светото Писмо за личното штедење? Изреки 21,20; Јован 6,12.

ц. На кој начин македонските повици и денес допираат до секого од нас, и какви благослови можеме да примиме ако одговориме на нив? Дела 16,9.10.

"Секој од нас треба да се стреми да направи за Исуса сè што може со своите лични напори, со подароци и жртви. Треба да има храна во домот Господов; а тоа значи полна ризница, за да може да се одговори на македонските повици кои доаѓаат од сите земји. Колку е жално кога сме принудени на оние кои плачат за помош да им кажеме: 'Не можеме да ви испратиме ниту луѓе ниту пари, бидејќи ризницата е празна". – *Совети за управителите, 298.*

"Сите пари кои можеме да ги заштедиме, должни сме да ги положиме во Господовата каса. Потребите на запоставените и необработени полиња викаат за тие пари. Од многу земји се слуша плачот: 'Дојдете и помогнете ни' (Дела 16,9). Членовите на нашата црква треба длабоко да се заинтересирани и за домашните и за странските мисии. Трудејќи се со самопожртвување знамето на вистината да го забодат на нови подрачја, тие ќе почувствуваат голем благослов. Вложените пари во тоа дело ќе бидат богато возвратени." - *9 Сведоштво, 45.*

4. НАШИОТ УДЕЛ ВО БОЖЈИОТ ПЛАН

а. Како нашите десетоци и дарови влијаат на отворање на нови полиња? 1 Тим. 5,17.18.

"Десетокот е Господов и оние кои неправилно ракуваат со него ќе бидат казнети со губење на нивното небесно богатство, освен ако не се покаат. Не дозволувајте Господовото дело и понатаму да се ограничува со ненаменска употреба на десетокот во други цели, наместо во она што самиот Бог го одредил. Средствата за останатите гранки на делото треба да се обезбедат на друг начин. И тие треба да се потпомагаат, но не од десетокот. Бог не се изменил; десетокот сè уште треба да се користи за издржување на проповедниците и библиските работници. Отворањето на нови полиња бара повеќе проповеднички сили отколку што сега ги имаме, и затоа мора да има средства во благајната." – *Слуги на евангелието, 204.*

"Кога сите кои тврдат дека се Божји народ, и млади и стари, би ја вршеле својата должност, нема да има недостаток во ризницата. Кога сите верно би давале десеток и би посветиле на Господа првина од своите приноси, Неговото дело би имало доволно парични средства." - *6 Сведоштво, 355.*

б. Како Давид нè поттикнува на великодушно давање? 1 Лет. 29,10-14.

"Бог ги благословува луѓето со имот за да им овозможи да даваат прилози за напредок на Неговото дело. Тој дава сонце и дожд и прави во природата сè да буи, да расте и да успева. Тој дава здравје и способност за стекнување на средства за живот. Сите наши добра доаѓаат од Неговите дарежливи раце. Тој сака луѓето да ја покажат својата благодарност со тоа што ќе му вратат еден дел во вид на десеток, доброволни дарови и дарови на благодарност и на покајание. Кога во благајната би пристигнувале средства според божествениот план – десеток од секоја добивка и доброволни дарови – би имало вистинско изобилие на средства за напредок на Господовото дело." – *Делата на апостолите, 54.*

"Ако се постапувало според Божјиот план, денес средствата редовно би се приливале во Неговата ризница со што на проповедниците би им било овозможено да влезат во нови полиња, нови работниците би се обединиле со проповедниците во напорите знамето на вистината да се издигне во мрачните делови на Земјата." - *6 Сведоштво, 357.*

Четврток *7. јуни*

5. ПРЕДНОСТИ И ОДГОВОРНОСТИ

а. Со што Божјиот народ го забрзува или пак одложува Христовото враќање на облаците на славата? 2 Петр. 3,11.12.

"Кога Христовата црква би го извршила делото кое Господ ѝ го наменил, сиот свет би бил предупреден, а Господ Исус Христос веќе би дошол на нашата Земја со сила и голема слава." – *Копнежот на вековите, 611.*

"Божјото дело, кое требало да биде десеткратно посилно и поделотворно отколку што е сега, е задржано, како што студените ветрови на зимата го задржуваат доаѓањето на пролетта, затоа што некои од оние што тврдат дека се Божји народ ги присвојуваат за себе средствата кои би требало да ги посветат во Божјото дело. Затоа што Христовата љубов и самопожртвувањето не се вткаени во животната пракса, црквата е слаба таму каде што би требало да биде силна. Со сопствените постапки таа ја засолнува својата светлина и милиони души го закинуваат Христовото евангелие." – *Совети за управителите, 54.*

б. Која предност му се овозможува на секој верник? 1 Кор. 3,9.

"Господ ги направил луѓето за свои соработници во делење на милостината и во унапредување на своето царство на земјата; но тие можат да продолжат по патот по кој одел неверниот слуга и со тоа да ги изгубат најскапоцените привилегии кои некогаш им биле дадени на луѓето. Бог илјадници години работел преку човечки орудија, но Тој може да одлучи и да се откаже од таквата соработка поради човечката себичност, сребролубје и лакомост. Тој не зависи од нашите средства, и може да продолжи и без наше било какво учество. Но, кој од нас би сакал Господ да го направи ова?" – *Совети за управителите, 198.199.*

Петок *8. јуни*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Кој е еден од начините на кој можеме да придонесеме во усовршувањето на единството на Божјиот народ?**
2. **На кој начин погрешните методи на собирање на средства се спротивни на Божјиот метод?**
3. **Како со намалувањето на своите лични прилози можеме да го попречиме Божјото дело?**
4. **Што би се случило кога сите би ја негувале великодушноста на Давид?**
5. **Како можеме да го забрзаме или пак одлагаме враќањето на нашиот Господ?**

Библиски начела на финансирање

“И ќе дојдат на тебе сите овие благослови и ќе се исполнат, ако го слушаш гласот на Господ, твојот Бог.“ – *5 Мојс. 28,2.*

“Никој не може да собира богатство на Небото, а неговиот живот на оваа Земја да не е збогатен и облагороден.“ - *Воспитување, 145.*

ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: ***Делата на апостолите, 51-55. Воспитување, 135-145 ориг.***

Недела *10. јуни*

1. ЛИЧНИ ФИНАНСИИ

а. Какви последици можеме да имаме поради запоставувањето на делото Господово и сега и за вечноста? Агеј 1,5-11.

“Оние кои себично го држат своето богатство нека не се чудат ако Божјата рака го растури. Ќе се случи на неразумниот син да му го дадат она што требало да го посветат на ширење на Божјото дело, но не било дадено, и тој син ќе го потроши тоа. Можеби во шталата ќе го најде мртов својот најдобар коњ, гордоста на суетното срце. Можеби од време на време ќе загине некоја крава. И жетвата може да изневери. Бог може да го растури богатството кое им го дал на своите управители, ако не сакаат да го употребат на Негова слава. Можеби некои нема да ги имаат тие загуби кои би ги потсетувале на должностите кои не ги извршиле, но видов дека токму тие можат да бидат во побезнадежна положба.“ – *2 Сведоштво, 745.*

“Занемарувањето да го признаете Христа во своите сметководствени книги ве одделува од големата привилегија вашето име да биде запишано во животната книга на Јагнето.“ – *Нашиот висок повик, 192.*

б. Што треба да разгледаат оние кои обично имаат склоност да бараат помош, наместо да ја понудат? 5 Мојс. 28,12.13.

2. УСЛОВЕНИ ВЕТУВАЊА

а. Каква е Божјата намера за Неговиот народ и денес? 5 Мојс. 28,1-6.

"Повикот: 'Пригответе му пат на Господ, исправете ги во пустината патеките за нашиот Бог' (Ис. 40,3), е упатен до секој верник. Штедењето во трошењето на средствата кои ви се дадени морате да го започнете токму од себе. Првиот чекор на самооткажување обично е најтежок, но мора да започне без одлагање. Вашите самопрегорни прилози ќе се користат во оваа област за намирување на работниците кои ја објавуваат последната порака на милост на паднатиот свет." – *Билтен на Ген. конференција, 1. април, 1899.*

"Според божествената намера, ниту христијаните, кои уживаат многу поголеми предимства отколку Евреите, не би смееле да бидат помалку дарежливи од нив. 'Кому му е многу дадено, многу и ќе се бара од него' (Лука 12,48), рекол Спасителот. Дарежливоста што се барала од Евреите, во голема мера ја користел само еврејскиот народ. Денес Божјото дело се раширило по целиот свет. Богатството на евангелието Христос го ставил во рацете на своите следбеници и ги задолжил таа добра и радосна порака на спасението да ја носат низ целиот свет. Затоа ние имаме многу поголеми обврски од стариот Израел." – *Делата на апостолите, 251.*

б. Кои ветувања се сигурни за сите кои се придржуваат до Божјиот финансиски план? Мал. 3,11.12.

"Секој може да ја почувствува радоста од учеството во драгоценото дело на спасување на душите. Секој маж, жена и младинец може да стане ризничар за Господа, и орудие кое успешно ќе придонесе за снабдување на Неговата ризница. Апостолот вели: 'секој од вас да оддели и остави кај себе колку што може' (1 Кор. 16,2).

"Благодарение на овој систем остварени се големи успеси. Кога би го прифатиле овој совет, секој би можел да стане внимателен и верен ризничар за Господа; и нема да има недостиг на средства потребни за објавување на последната порака на милост и предупредување за овој свет. Кога сите би го прифатиле овој систем, ризницата би била пополна, а оние кои даваат прилози не би станале посиромашни. Секоја инвестиција го прави верникот уште повеќе посветен во делото на сегашната вистина." - *Порака за младите, 304.305.*

3. ПОУКИ ОД ХРИСТОВИТЕ ДЕНОВИ

а. Каков поттик за нас можат да бидат даровите кои мудреците ги посветиле на детето од Витлеем? Матеј 2,1.2.11.

"Мудреците биле меѓу првите што го поздравиле Спасителот. Нивните подароци биле први, кои биле приложени пред Неговите нозе. Каква привилегија на служење тие стекнале со своите дарови! Бог радосно го почитува дарот што доаѓа од срцето кое љуби, правејќи го најуспешно во службата за Него. Ако сме го дале нашето срце на Исуса, тогаш ќе му ги донесеме и нашите дарови. Нашето злато и сребро, нашиот најдрагоцен земен имот, нашите највозвишени умствени и духовни дарови - сето тоа радосно ќе му го посветиме на Оној, кој нè љуби и кој се дал себеси заради нас." – *Копнежот на вековите, 35.*

б. Што можеме да научиме од Марија кога со миро го помажала Исуса? Марко 14,3.

"Кога одлучувате за износот кој ќе го дадете за Божјото дело, бидете сигурни дека секогаш е подобро да биде поголем, а не помал од она што го бара должноста. Размислете кому вие давате, и таа мисла ќе го отстрани духот на алчност и себичност. При самата помисла за толкавата љубов со која Христос нè засакал, ќе ни се чини дека и нашите најголеми дарови не се вредни за Тој да ги прифати. Кога Христос е предмет на нашите чувства, свесни колку ни простил токму затоа што нè љуби, нема да застануваме да ја проценуваме вредноста на садот од алабастер во кој се наоѓа драгоценото миризливо масло. Тоа го правел алчниот Јуда; додека оној кој го цени и прифаќа дарот на спасението ќе жали што мирисот на неговиот прилог не е уште поскапоцен и со поголема вредност." – *4 Сведоштво, 461.*

ц. Како можат оние кои вообичаено зависат од милостината да станат – како Марија – дарители? Дела 20,35.

"Кога оние кои во животот немале многу успех би биле подготвени да ги прифатат поуките, би можеле да стекнат навики на самооткажување и штедење, како и предност да уживаат во давањето, а не во примањето на милосрдие. Многумина всушност се мрзливи слуги. Кога трудољубиво би преземале сè што е во нивна моќ, многумина би искусиле големи благодати на укажување на помош на другите и би увиделе дека навистина е 'поблагословено да се дава отколку да се прима' (Дела 20,35)." – *3 Сведоштво, 371.*

4. ВО ВРЕМЕТО НА АПОСТОЛИТЕ

а. При објавување на Евангелието, каква одлучност во намерата ние треба да споделиме со првите христијани? Дела 4,32-37.

"(Дела 4,34.35). Таа великодушна дарежливост на верниците била последица на излевањето на Светиот Дух. Оние што го прифатиле евангелието биле 'едно срце и една душа'. Нив ги раководела една заедничка желба – успехот на мисијата што им била доверена, и алчноста немала место во нивниот живот. Големата љубов кон браќата и кон делото што го прифатиле била многу поголема од љубовта кон парите и имотот. Со своите дела тие сведочеле дека вредноста на човечката душа ја ценат повеќе од секое земно богатство." – *Делата на апостолите, 51.*

"Така е секогаш кога Божјиот Дух владее со човечкото срце и живот. Оние, чиишто срца ги исполнува Христовата љубов, ќе го следат примерот на Оној кој осиромашил за ние да се збогатиме со Неговото сиромаштво. Парите, времето, угледот и влијанието – сите дарови што ги примиле од Божјите раце – тие ќе ги ценат само како средство за напредок на Неговото дело. Така било во првата црква. А кога во црквата на нашите денови ќе се покаже дека верниците, благодарение на силата на Духот, се одвратиле од земните работи и дека се подготвени да поднесат жртва за да можат нивните ближни да го слушнат Евангелието, тогаш објавувањето на вистината ќе има силно влијание врз слушателите." – *Делата на апостолите, 52.*

б. Што можеме да научиме од подмолната измама на Ананија и Сапфира и страшните последици од сето тоа? Дела 5,1-11.

"Сакајќи да се стекнат со репутација на самопожртвувани, дарежливи и посветени на христијанската вера, Ананија и Сапфира го продале нивниот имот и оставиле еден дел од средствата пред нозете на апостолите, преправајќи се дека дале сè. Тие не биле наговарани да дадат сè за делото. Бог би прифатил и еден дел. Но тие сакале да создадат впечаток како сè да дале. Мислеле дека на тој начин ќе стекнат углед, а во исто време да задржат дел од нивните пари. Сметале дека биле успешни во нивната интрига и дека го измамиле Господа, но Тој по кратка постапка го решил првиот случај на измама и лага во новоформираната црква. Тој и двајцата ги погубил, како предупредување за сите колку е опасно да се жртвува вистината за да стекне наклонетост." - *Медицинска служба, 126.127.*

Четврток *14. јуни*

5. СИСТЕМАТСКО САМООДРЕКУВАЊЕ

а. Што мораме да сфатиме во функционирањето и финансиската поддршка на Божјото дело на оваа земја? 1 Кор. 14,33.

"Тој и денеска, исто како и во старо време, бара да се почитува редот и систематското уредување при водењето на црковните работи. Тој сака неговото дело да се извршува темелно и исправно за да може да му стави печат на своето одобрување." – *Делата на апост., 69.*

б. Што можеме да научиме од примерите на оние кои претставуваат пример во самоодрекување? Евреите 11,8-10.24-26.37-40.

"Постоеше време кога оние кои ја прифаќаа вистината беа многу малку, и тие немаа многу добра на овој свет. Тогаш било неопходно некои да ги продадат своите куќи и земјишта, и да купат поевтини, додека нивните средства ги посветувале на Господа за објавување на вистината и други начини за помагање на Неговото дело. Овие самопожртвувани поединци претрпеле немаштија, но ако издржат до крај, голема ќе биде нивната награда.

"Бог ги поттикнувал срцата на мнозина. Вистината, за која неколкумина поединци толку многу се жртвувале, триумфирала и мнозина цврсто ја прифатиле. По Божја промисла, оние кои имале средства требало да ги вложат за ширење на вистината, така што – кога делото ќе се прошири – потребите на истото би можеле да бидат задоволени. Сега Бог не бара припадниците на Неговиот народ да ги продаваат своите куќи во коишто треба да живеат; но ако оние кои имаат изобилство не го послушаат Неговиот глас да се одвојат од светот и жртвуваат за вистината, Тој ќе помине покрај нив и ќе ги повика оние кои се подготвени да направат сè за Исуса, дури и да ги продадат своите домови за да ги задоволат потребите на Неговото дело. Оние кои даваат треба да го ценат тоа како посебна привилегија." – *Совети за управителите, 215.*

Петок *15. јуни*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како примателот на љубовта може да стане нејзин дистрибутер?**
2. **Каква треба да биде нашата добронамерност во споредба со онаа на древните Евреи?**
3. **Како треба да нè инспирираат примерите на великодушност во Христовите денови?**
4. **Што можеме да научиме од духот на ранохристијанската црква?**
5. **Како самоодрекувањето на пионерите на сегашната вистина може да се открие и денес?**

Просветлување на целиот свет

“Одете по сиот свет и проповедајте го Евангелието на секое создание.“ - *Марко 16,15.*

“Оние кои се радуваат во драгоцената светлина на вистината треба да чувствуваат горлива желба да ја пренесат насекаде.“ – *Совети за управителите, 42.*

ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: ***9 Сведоштво, 47-57.***
3 Сведоштво, 345-357.

Недела *17. јуни*

1. ОДГОВОР НА МАКЕДОНСКИОТ ПОВИК

а. Иако литературата претставува моќно мисионерско средство, кои чекори мора да ги преземеме за да го комплетираме Евангелскиот налог? Мат. 28,18-20. Како оваа потреба за вредни евангелски работници може да се задоволи? Ис. 52,7.8.

“Кога сите верно би ги донесувале сите десетоци, да има доволно храна во Божјиот дом, ќе се обезбедат работници и за домашни и странски полиња. Иако книгите и публикациите за сегашната вистина ги опсипуваат со изобилно знаење сите делови на светот, сепак мисионерската порака мора да биде воспоставена на разни места. Зборови на вечен живот и спасение мораат да се објават од устата на живиот проповедник. Постојат отворени полиња кои ги повикуваат работниците да влезат. Жетвата е зрела, и сериозниот Македонски повик на работа се слуша од секој дел на светот.“ – *Совети за управителите, 39.*

б. Која итна задача треба да се изврши? Марко 16,15.

“Големината на нашето дело бара Божјиот народ да биде дарежлив. Во Африка, во Кина и Индија постојат илјадници, милиони луѓе кои не ја слушнале пораката на вистината за ова време. Тие мораат да бидат предупредени. Морските острови чекаат да го примат сознанието за Бога.“ - *9 Сведоштво, 47.*

2. ВАЖНОСТА НА БОЖЈИОТ ДЕСЕТОК

а. Како вдахновеноста го нагласува личниот, човечки елемент во делото на спасувањето на душите? Рим. 10,13-15. Како можеме сите да бидеме вклучени во тоа? Откр. 22,17.

.....

"Проповедањето на Евангелието е од Бога одреден начин за обраќање на душите. Луѓето мораат да го слушнат за да можат да се спасат. Тие не можат да слушнат без проповедник, а проповедникот мора да биде испратен. За да се обезбедат средства за праќање на мисионери во сиромашни и необработени полиња неопходно е во благајната да има средства за тоа. Во светлината на овој факт, како можат оние кои исповедаат дека го следат Христа да му ги закинуваат на Бога талентите, кои им ги доверил во десетокот и даровите? Не значи ли тоа да се одзема леб на душите кои умират од глад? Задржувањето на средствата за кои Бог тврди дека се Негова сопственост, и кои Тој ги предвидел за спасување на душите, сигурно ќе донесат проклетства врз оние кои на тој начин го ограбуваат Бога. Душите за кои Христос умрел се лишени од предноста да ја чујат вистината, бидејќи луѓето одбиваат да ги спроведат мерките кои Бог ги предвидел за просветлување на изгубените." – *Домашен мисионер, 1. април, 1895.*

б. Што Господ бара ако занемариме на време да го предадеме својот десеток? 3 Мојс. 27,31. Како искуството на една локална црква во 1889. година може да ги поттикне сите денес?

.....

"Некои што не беа исправни во своите должности кон Бога, и како резултат на тоа се одвоиле од Него, почнаа да го враќаат она што го задржувале. Еден брат не плаќал десеток две години. Тој на секретарот на конференцијата му дал чек за десетокот што го задржувал и за каматата во износ од 571,50 долари. Му благодарам на Господа што тој брат имаше храброст да го направи тоа. Друг брат даде чек од 300 долари. Еден друг човек кој толку отпадна од Бога што имаше малку надеж дека ќе тргне по исправниот пат, даде чек од 1000 долари. Беше предложено тие десетоци и дарови, кои долго биле задржувани, да ги посветат за мисијата во Централна Европа. Така со тие дарови и со молитвените дарови таа црква во ризницата приложи близу 6000 долари да се употребат за мисионерски цели." – *5 Сведоштво, 606.*

3. ВЕРНОСТ ВО СПОСОБНОСТА НА ПРЕДВИДУВАЊЕ

а. Каков приговор бил упатен против великодушноста на Марија кон Исуса? Јован 12,3-6. Како Христос го пофалил гестот на Марија и како ние сме предупредени да не правиме слични приговори денес? Марко 14,7-9.

"Ние правевме прогресивни потфати, но на секој чекор моравме да наидуваме на лажни предрасуди и лажни идеи. Тоа е случај со секое реформно движење откако постои светот. За некои маловерни и себични луѓе, кои сакаат само да ги чуваат парите, секој напреден потфат најчесто предвестувал општа катастрофа и претставувал прекумерно трошење на средства. Тие заклучуваат – како некогаш бедниот Јуда кога мирото било истурено врз главата на Исус – зошто ова големо растурање? Тоа, повторуваат тие, можело да се продаде, а парите да им се дадат на сиромасите. Секој пат, кога се презема некој напреден чекор, себично претпазливите мислат дека сето тоа отишло во пропаст; но кога битката е добиена спротивно на сите очекувања, тие ја поздравиле победата како знак дека Бог бил во тоа движење. Кога целосно ќе се покаже дека делото било од Бога, дека неверувањето е потиснато, луѓето кои го предводеле делото, чијашто способност на предвидување била поголема од останатите, кои работеле против секој отпор, поздравувани се како луѓе кои биле подигнати за тоа време и предводени од Божјиот Дух. Дали тие луѓе кои го блокирале патот сфаќаат што направиле? Дали согледуваат дека со прилагањето на своите пари, својата сила, својата вера и храброст, можеле да го направат делото посилно и повлијателно, и дека е грев што не го направиле она што можеле да го направат?...

"О, кога поблизу би се приближиле до крстот би гледале како што Бог гледа и би работеле како што Тој би работел да е на наше место." - *РХ, 5. февруари, 1884.*

б. Кои реалности би требало сега да нè разбудат? Јован 4,35.36.

"Парите кои се потребни за спроведување на евангелското дело нема да бидат обезбедени на некаков мистериозен начин и со посредство на невидливи и таинствени сили. Парите за делото кое го наменил за нас: да ја ширириме вистината во овој свет и да ги спасуваме душите за вечен живот, Бог нема да ги истура од прозорците на небото. Припадниците на својот народ Тој ги направил управители на Неговите средства за да ги употребат на Негова слава и на благослов на човечкиот род." – *Домашен мисионер, 1. април, 1895.*

4. ВКУСНА СОЛ

а. Какво предупредување им се упатува на сите кои сакаат да го почитуваат Христа? Матеј 5,13.

.....

"Со колку поголема желба секој верен управител би требало да го зголемува процентот на даровите кои ги става во Господовата ризница, отколку да ги намалува своите дарови за една јота или цртичка. На кого тој му служи? За кого ги подготвува даровите? – За Оној од кого зависат сите добри нешта кои тој ги ужива. Тогаш нека никој од нас кои ја примаме благодатта од Христа да не им дава повод на ангелите да се срамат од нас, и Исус да се срами да нѐ нарече браќа...

"Оние кои ги примаат даровите на Неговата благодат, кои длабоко размислуваат за крстот на Голгота, нема да ја доведат во прашање пропорцијата на давањето, туку ќе чувствуваат дека и најбогатите дарови се премногу оскудни и дека се непропорционални во дарот примен во единородниот Божји Син. Преку самоодрекување и најсиромашните ќе најдат начини барем нешто да му возвратат на Бога." – *Совети за управителите, 200.*

б. На кој начин сегашната вистина треба да се прошири по целиот свет? Проповедник 11,1.6.

"Запустените места на Земјата треба да се обработуваат. Со скромност и доверба во Бога, семејствата треба да одат напред и да се населуваат во необработени места во Неговото лозје. Како награда за нивната самопожртвуваност со цел да го посеат семето на вистината, тие ќе пожнеат богата жетва." – *РХ, 26. август, 1902.*

ц. Кој повик денес е најитен, и зошто? Мат. 9,36-38.

"Кој е виновен за загуба на душите кои не го запознале Бога и кои немале можност да ги слушнат причините за нашата вера? Каква обврска почива врз црквата кон оние кои пропаѓаат во светот но не чуле за евангелието? Ако не дојде до одлучно самоодрекување од страна на оние кои тврдат дека веруваат во вистината, ако сите тие не бидат поодлучни во давањето на десетокот и приносите, ако планирањето на делото во тој поглед не биде потемелно и подалекосежно отколку досега, ние не можеме да го исполниме Христовиот налог да одиме по целиот свет и да го проповедаме евангелието на секое создание." - *Домашен мисионер, 1. април, 1895.*

Четврток *21. јуни*

5. ПРОСВЕТЛУВАЊЕ НА СИТЕ КРАЕВИ НА СВЕТОТ

а. Колку славен ќе биде исходот на евангелскиот налог, и како ние можеме да бидеме благословени ако учествуваме во него? Откр. 18,1.

"Целото небо со длабок интерес гледа на црквата за да види што прават нејзините членови за просветлување на оние кои се наоѓаат во темнина. Целиот свет е поле, и се отвора работа на толку многу места така што тоа го преминува соодносот на средствата потребни за да се задоволат потребите. Со години Господ го предупредуваше својот народ да ги ограничи своите желби, да не се излага на непотребно трошење на пари. Но и покрај советот на Оној кој од почеток го види крајот, колку само пари се потрошени без вистинска потреба! Дадените предупредувања лесно се земани, и луѓето погрешно го протолкувале, отфрлале или извртувале Божјиот совет за да ги продолжат своите амбициозни проекти, иако – благодарение на таквата постапка – значителни средства со кои Бог можел да се прослави во проширувањето на Неговата вистина, целосно се изгубени за Неговото дело. Господ го почестувал човекот во својата милост, оспособувајќи го како човечко орудие да соработува со небесните битија како би можела светлината на вистината да ги осветли сите краеви на светот. Господ има свои претставници кои активно ќе учествуваат во најсилниот судир кој светот некогаш го видел. Ако работниците останат скромни, учејќи се секој ден во Христовата школа на кротост и понизност на срцето, Господ Исус Христос ќе соработува со нив. Оној кој е соработник со Христа, ќе сфати дека пренесувајќи ги небесните благодати на другите и самиот бива благословен. Ќе се осведочи во вистинитоста на зборовите: 'Кој напојува други, и тој самиот ќе биде напоен' (Изреки 11,25)." - *РХ, 27. февруари, 1894.*

Петок *22. јуни*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Во која смисла литературата е ограничена во својата намена за спасение на душите?**
2. **Што открива важноста на точноста во давањето на десеток?**
3. **Како можеме да се изложиме на опасност од повторувањето на гревот на Јуда?**
4. **Што треба да имаме на ум кога одлучуваме колку ќе дадеме за Христа?**
5. **На кој начин светот ќе биде просветлен – со нас или без нас?**

Наша последна прилика!

"Јас треба да ги вршам делата на Оној што ме прати додека е уште ден; зашто настапува ноќ кога не ќе може никој да работи." - *Јован 9,4.*

"Приближувајќи се кон крајот на историјата на оваа земја, во различни сектори на Божјото дело треба да покажеме многу повеќе самопожртвуваност отколку до сега." - *Евангелизам, 631.*

ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: ***4 Сведоштво, 453-462.***
6 Сведоштво, 412-420.

Недела *24. јуни*

1. ПРЕД ДА ЗГАСНЕ ЖИВОТОТ

а. На кои реалности сите ние сме потчинети? Евр. 9,27. Што треба секој од нас најсериозно да размисли – без оглед дали е стар, млад, болен или здрав? Рим. 12,11.

"Често се случува активен деловен човек да умре одненадеж, без никакви предупредувања дека му претстои смрт и кога ќе се разгледа неговото водење на работите се испоставува дека сè е во крајна несреденост. Во настојување да се среди со неговиот имот, трошоците на адвокатските услуги однесуваат најголем дел, ако не и целиот имот, додека сопругата и децата, како и Христовото дело, се ограбени. Верните управители на Господовиот имот знаат како стои нивниот имот и како мудри луѓе, подготвени се на секакво изненадување. Ако нивното време на милост и проба нагло се прекине, тие нема да остават толкава заплетканост врз оние кои се повикани да го средат нивниот имот по нив.

"Многумина не одлучуваат да напишат тестамент додека уште се во здравје и сила. Меѓутоа, нашите браќа треба да ја преземат таа мера на претпазливост. Тие во секое време треба да знаат каква е нивната финансиска состојба, не дозволувајќи имотот да им остане несреден. Нивните имотно-правни работи секогаш треба да бидат така средени, што во секој момент можат мирно да ги остават." – *4 Сведоштво, 458.459.*

б. Во планирањето на нашиот тестамент што треба да земеме во обзир? Исаија 38,1.

2. ПОДГОТОВКИ ЗА КРАЈОТ

а. Бидејќи многу голема сума на пари се губи затоа што луѓето умираат без да изготват легален тестамент, на што треба благовремено да го свртиме вниманието на верникот? 1 Кор. 4,2.

"Некои тестаменти се составени толку невешто и неодредено, така што законите за наследството ги прогласуваат за невалидни и на тој начин Божјото дело губи илјадници долари. Нашите членови треба да се чувствуваат сериозно одговорни и како верни Божји слуги треба совесно и на време да го употребат своето знаење во тој поглед, така што она што му припаѓа на Господа сигурно да оди во Неговата ризница." – *4 Сведоштво, 455.*

"Мнозина покажуваат непотребна чувствителност во тој поглед. Тие сметаат дека ако се испитуваат старите и изнемоштени за тоа каква намера имаат со својот имот значи да се стапи на забранета почва. Но ова претставува исто толку света должност колку што е и должноста да се проповеда Божјата реч со цел да се спасат душите. Мораме да го имаме на ум фактот дека овде се во прашање поединци кои во свои раце држат средства или имот кој Бог им го доверил и дека тие имаат намера својата должност во својство на повереници да ја пренесат на други. Треба ли да се дозволи средствата кои Бог им ги позајмил за да ги вложат во Неговото дело, да дојдат во рацете на неверниците само затоа што тие им се роднини? Зарем христијаните, загрижени за идното добро на таквите свои браќа и за доброто на Божјото дело, не треба да им помогнат во правилна распределба на нивниот имот и во мудра употреба на талентите кои Бог им ги дал? Зарем нивните браќа мирно да гледаат како тие го завршуваат својот живот, а во исто време ја ограбуваат Божјата ризница? Тоа би претставувало страшна загуба и за нив самите и за Божјото дело; бидејќи оставајќи ги сите свои средства во рацете на оние на кои не им е грижа за Божјата вистина, тие практично би направиле исто како и оној слуга во Христовата парабола кој го завиткал својот талент во крпа и го закопал во земја." – *Исто, 456.*

"Смртта нема да дојде ниту еден ден порано, браќа мои, само затоа што сте ја напишале вашата последна волја. Кога им го оставате имотот на своите роднини, никако не заборавајте на Божјото дело. Бидејќи како Негови управители го држите Неговиот имот, Неговите барања треба да ви бидат на прво место. На својата сопруга и деца, природно, не треба да заборавите; оставете им го делот кој им припаѓа ако тој им е потребен. Но не внесувајте во својот тестамент долг список на роднини на кои вашиот имот не им е потребен, туку тоа само се прави затоа што е таков обичајот." – *Исто, 459.*

б. Што, според она што Бог очекува од нас, треба секогаш да имаме на ум без разлика дали ќе живееме или ќе умреме? Рим. 14,8.12.

3. ЗАВРШНО ДЕЛО

а. Која е нашата должност во овие последни денови? 1 Сол. 5,1-6; Зах. 10,1. Како можеме да го примиме позниот дожд или 'освежувањето'? Дела 3,19-21.

"Големото излевање на Божјиот Дух, кој ќе ја осветли целата земја со Неговата слава, нема да дојде додека немаме просветлени луѓе, кои од искуство знаат што значи да се соработува со Бога. Кога целосно, со сето срце ќе се посветиме во службата на Христос, Бог тој факт ќе го признае со излевање на Неговиот Дух без мерка, но тоа нема да се случи сè додека најголемиот дел од црквата не соработува заедно со Бога. Бог не може да го излее својот Дух, кога толку многу се манифестираат себичноста и само угодувањето, кога преовладува дух, кој, ако се пренесе со зборови, го изразува одговорот на Каин: 'Зарем јас сум чувар на брат ми' (1 Мојс. 4,9)." – *Совети за управителите, 52.*

"Бог ги повикува луѓето да го предупредат светот кој спие и кој е мртов во престапот и гревовите. Тој повикува на доброволна жртва од оние чии срца се во делото, кои чувствуваат товар за душите за тие да не погинат, туку да имаат вечен живот." – *6 Сведоштво, 413.*

б. Што денес како црковна организација и како поединци првенствено треба да имаме на ум? Проповедник 8,5; Јован 9,4.

"Сега е време да ги послушаме зборовите на Спасителот: 'Продајте си ги имотите ваши и давајте милостина! Подгответе си ќесиња што нема да изветват, богатство на небото, каде крадец не се приближува и кое молец не го јаде' (Лука 12,33). Сега нашите браќа треба да ги намалуваат своите имоти, наместо да ги зголемуваат. Се наоѓаме пред преселба во една поубава земја – уште и небесна. Според тоа, не треба да бидеме жители на оваа земја, туку стекнатото богатство да го направиме што е можно помало." – *5 Сведоштво, 141.*

"Со каква цел ние го натрупуваме богатството? Зарем да биде уништено од страна на огнот во последниот ден? Зарем ќе трупаме злато и сребро, за да бидат сведоци против нас на судот – како оган да го изедат нашето тело? Зарем ние ќе се држиме до нашите имоти сè додека не паднат во рацете на нашите непријатели? Доаѓа време кога оние кои ги држат Божјите заповеди не можат ниту да купат ниту да продадат. Во што тогаш ќе можеме да ги вложиме своите куќи и земјата, заштедените влогови во банка и подвижниот имот? Сега е време своето богатство да го вложиме таму каде што вечно ќе биде безбедно." - *РХ, 6. декември, 1887.*

4. ПРАКТИЧНА ПОДГОТОВКА

а. Зошто Христос сѐ уште не се вратил? 2 Петр. 3,9. Како можеме да ја избегнеме загубата на сите наши средства најавени во пророштвата кои наскоро ќе се исполнат? Ис. 2,20; Езек. 7,19; Пс. 96,2-8.

"Кога нашите браќа ќе научат вредноста на душата да ја проценуваат во светлината на она што Исус платил за нивно спасение, тие ќе знаат дека душите се со поголема вредност од куќите и земните имоти, од златото и скапоцените камења, или од високите почесни позиции." - *РХ, 5. февруари, 1884.*

"Божјото дело треба сѐ повеќе да се шири; и кога Неговиот народ ќе ги послуша Неговите совети, тие нема да имаат многу средства во нивна сопственост кои ќе бидат проголтани во завршниот пожар. Сите треба своето богатство да го вложат таму каде што молците и ’рѓата не можат да го изедат; и тогаш срцата нема со тие јажиња да им бидат врзани за оваа земја." – *Совети за управит., 60.*

б. Што им ветува Христос на сите оние кои со верност во службата сериозно се подготвуваат за Неговото враќање? Ис. 33,14-17.

"Создавањето на резерви за намирување на нашите земни потреби во времето на неволјите е спротивно на учењето на Библијата. Видов дека ако светиите имаат резервирано храна во својата куќа или поле, во времето на неволјите, кога на земјата ќе наиде меч, глад и помор, насилничките раце сето тоа ќе го однесат, и туѓинци би ги жнееле нивните полиња. Тоа ќе биде време кога во целост треба да се надеваме на Бога и Тој ќе нѐ прехрани. Видов дека во тоа време ќе биде обезбеден леб и вода, дека нема да трпиме ниту немаштија ниту глад, зашто Бог е во состојба во пустина да ни постави трпеза. Доколку е потребно Тој би испратил гаврани да нѐ хранат, како што тоа го направил за Илија, или би ни пуштил дожд од мана од небото, како што направил за Израелците.

"Во времето на неволјите, куќите и земјата нема да им бидат од никаква корист на светиите, бидејќи ќе мораат да бегаат од разбеснетата толпа; нивниот имот тогаш нема да може да се употреби за унапредување на делото на сегашната вистина. Покажано ми е дека Божја волја е светиите, пред да дојде времето на неволјите, да се ослободат од она што ги оптоварува и со Господа да направат завет на жртва. Ако сѐ што имаат положат на олтарот и најискрено го запрашаат Бога за својата должност, Тој ќе ги поучи кога треба да се ослободат од овие работи. Тогаш тие ќе бидат слободни во времето на неволјите, без ништо што би ги ограничувало и спречувало." - *Рани списи, 59.*

Четврток *28. јуни*

5. ВИСОКОПРИНОСНА ИНВЕСТИЦИЈА

а. Каде е најдобро и најсигурно да се инвестира денес - и зошто? Лука 12,32-34.

"Дајте да бидеме искрени со Господа. Сите благослови што ги уживаме доаѓаат од Него, и ако Тој ни доверил таленти во финансиски средства за да го помагаме Неговото дело, дали тоа треба да го задржиме? Треба ли да кажеме, не, Господи, моите деца нема да бидат задоволни, и затоа јас ќе се осмелам да му бидам непослушен на Бога, закопувајќи го талентот во земјата?

"Не треба да има одлагање. Божјото дело ја бара вашата помош. Ви се обраќаме вам, како Божји управители, своите средства да ги ставите во промет, за да се создадат можности преку кои на мнозина ќе им се даде можност да научат што е вистина." – *Совети за управителите, 44.45.*

б. Која изјава Господ ќе ја даде на крајот на времето? Пс. 50,3-5. Како сите кои направиле завет на жртва ќе бидат богато наградени? 1 Кор. 15,57.58.

"Постои награда за несебичните работници, кои со цело срце се во Божјото дело, но исто така и за оние кои со своите доброволни прилози ги помагаат нивните напори. Оние кои се ангажирани во активна служба на теренот, и оние кои со свои средства ги помагаат овие работници ќе ја добијат наградата на верниот и добар слуга...

"Самоодрекувањето што го практикувале со цел да го помогнат Божјото дело повеќе ниту на ум им доаѓа. Додека – како споменици на Божјата милост и откупувачката љубов – ги посматраат душите за кои се труделе да ги придобијат за Христа, и сега ги гледаат спасени, засекогаш спасени – извици на пофалба и благодарност одsвонуваат во небесните сводови." – *Совети за управителите, 348.349.*

Петок *29. јуни*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Какво суеверие во поглед на пишувањето на тестаментот е штетно за Божјото дело?**
2. **Зошто е погрешно да занемаруваме да зборуваме за правење на тестаментот?**
3. **Која е една од причините зошто мнозина нема да го примат позниот дожд?**
4. **Што треба да сфатиме пред да се доближиме до времето на неволја?**
5. **Како и кога ќе добиеме камата на богатството вложено во небото?**

Нека вашата светилка секогаш светли

"Вие сте светлината на светот... Така треба да свети пред луѓето и вашата светлина, за да ги видат вашите добри дела и да Го прослават вашиот Отец небесен." - Матеј 5,14-16.

"Ако живеете во светлина, секој од вас може да биде светлоносец во светот. Немојте во стремежот да направите нешто големо да ги занемарувате на изглед малите и скромни можности кои секојдневно ви се укажуваат. Објаснувајќи ја вистината со личен пример во секојдневниот живот, мошне многу можеме да направиме. Влијанието извршено на таков начин не може лесно да се осуети. Луѓето можат да се противат и да ги негираат нашите докази колку и да се логични, можат да ги одбиваат нашите апели, но животот на свети цели и на несебична љубов во нивна корист, тоа е најсилниот аргумент за вистината кој навистина не можат да го одречат. Со кротост и со живот исполнет со вистински доблести може да се направи многу повеќе отколку со најтрогателна проповед, ако недостасува добар пример. Со своите напори вие можете да ја подигате црквата, да ги охрабрувате своите браќа и состаноците да ги направите интересни; вашите молитви, како остри српови, можат да му помогнат на жетварот на жетвеното поле. Секој треба да чувствува товар за душите, будно да стражари молејќи се за успех на делото.

"Секој може да го сврти вниманието на другите кон драгоцените вистини на Божјата Реч... кои можеби никогаш нема да бидат во можност вистината да ја изнесат од катедра, можат да одат од куќа до куќа и да им укажуваат на луѓето на Божјото Јагне кое ги зеде гревовите на светот на себе. Драгоцените бисери на вистината кои длабоко се затрупани со прашина и со празни заблуди, Божјите слуги треба да ги откријат како сокриено богатство, така што мнозина ќе можат да ги видат и да им се восхитуваат.

"Во Божјото дело има место за луѓе со најразлични склоности и работни способности. На денот на Божјиот суд никој нема да има изговор што се затворал во своите себични интереси. Залагајќи се за другите можете во живот да ја одржувате и сопствената душа... Со срдечни и несебични напори собирајте снопови за Христа... Господ е подготвен да помогне." - *Мојот живот денес, 242.*

БОГОСЛУЖБА ВО СЕМЕЈСТВОТО

Април - 2012.

Дат.	Ден	Утринска молитва	Вечерна молитва	За оние кои немаат свед.
1.	*Недела*	*I Мојс. 44,18-34.*	*III Свед., 475.*	*Ерем. 31,35-37.*
2.	*Понеделник*	*I Мојс. 45,4-8.*	*III Свед., 476.*	*I Кор. 10,11.12.*
3.	*Вторник*	*I Мојс. 45,9-13.*	*III Свед., 477.*	*Ерем. 31,33.34.*
4.	*Среда*	*Пс. 105,23-25.*	*III Свед., 478.*	*Ис. 4,4.5.*
5.	*Четврток*	*I Мојс. 46,1-4.*	*III Свед., 479.*	*Ис. 1,25-27.*
6.	*Петок*	*I Мојс. 46,26-30.*	*Сонцето заоѓа во 19 04*	
7.	*Сабота*	*Пс. 18,25-32.*	*Сонцето заоѓа во 19 05*	
8.	*Недела*	*I Мојс. 47,7-10.*	*III Свед., 480.*	*Евр. 12,25-29.*
9.	*Понеделник*	*I Мојс. 47,28-31.*	*III Свед., 481.*	*I Мојс. 32,28-30.*
10.	*Вторник*	*I Мојс. 49,8-10.*	*III Свед., 482.*	*II Сол. 2,8-11.*
11.	*Среда*	*IV Мојс. 24,15-17.*	*III Свед., 483.*	*I Мојс. 22,7.8.*
12.	*Четврток*	*I Мојс. 50,22-26.*	*III Свед., 484.*	*Ефес. 1,5-7.*
13.	*Петок*	*II Мојс. 2,10-14.*	*Сонцето заоѓа во 19 12*	
14.	*Сабота*	*Пс. 18,35.36.*	*Сонцето заоѓа во 19 13*	
15.	*Недела*	*Дела 7,22-28.*	*III Свед., 485.*	*I Јов. 3,1-3.*
16.	*Понеделник*	*II Мојс. 3,1-6.*	*III Свед., 486.*	*Откр. 3,7.8.*
17.	*Вторник*	*II Мојс. 3,7-12.*	*III Свед., 487.*	*Ис. 53,3-5.*
18.	*Среда*	*Евр. 11,23-26.*	*III Свед., 488.*	*Ис. 53,6-8.*
19.	*Четврток*	*Дела 7,29-33.*	*III Свед., 489.*	*Ис. 53,9.10.*
20.	*Петок*	*II Мојс. 4,10-12.*	*Сонцето заоѓа во 19 20*	
21.	*Сабота*	*Пс. 22,2-11.*	*Сонцето заоѓа во 19 21*	
22.	*Недела*	*Ис. 6,5-8.*	*III Свед., 490.*	*Ис. 53,11.12.*
23.	*Понеделник*	*II Мојс. 4,13-16.*	*III Свед., 491.*	*Мат. 6,31-33.*
24.	*Вторник*	*II Мојс. 4,27-31.*	*III Свед., 492.*	*Авакум 3,17.18.*
25.	*Среда*	*Дела 7,33-37.*	*III Свед., 493.*	*Јован 16,33.*
26.	*Четврток*	*II Мојс. 6,1-5.*	*III Свед., 494.*	*Ис. 50,7-10.*
27.	*Петок*	*II Мојс. 6,6-9.*	*Сонцето заоѓа во 19 28*	
28.	*Сабота*	*Пс. 23.*	*Сонцето заоѓа во 19 29*	
29.	*Недела*	*Пс. 16,1-8.*	*III Свед., 495.*	*III Мојс. 26,3-12.*
30.	*Понеделник*	*Откр. 2,26-29.*	*III Свед., 496.*	*Кол. 3,1-10.*

Мај - 2012.

Дат.	Ден	Утринска молитва	Вечерна молитва	За оние кои немаат свед.
1.	*Вторник*	*Откр. 16,17-21.*	*III Свед., 497.*	*Пс. 17,2-5.*
2.	*Среда*	*II Мојс. 7,17-21.*	*III Свед., 498.*	*Евр. 11,6.*
3.	*Четврток*	*Откр. 16,1-6.*	*III Свед., 499.*	*Марко 14,33-38.*
4.	*Петок*	*Псалм 105,27-35.*	*Сонцето заоѓа во 19 35*	
5.	*Сабота*	*Псалм 26,2-8.*	*Сонцето заоѓа во 19 36*	
6.	*Недела*	*II Мојс. 12,3-10.*	*III Свед., 500.*	*Пс. 50,14.15.*
7.	*Понеделник*	*II Мојс. 12,11-14.*	*III Свед., 501.*	*Дан. 4,17.*
8.	*Вторник*	*II Мојс. 12,21-24.*	*III Свед., 502.*	*Јаков 4,7-10.*
9.	*Среда*	*Евр. 9,11-14.*	*III Свед., 503.*	*Изреки 18,10.*
10.	*Четврток*	*II Мојс. 12,40-43.*	*III Свед., 504.*	*Откр. 5,11-13.*
11.	*Петок*	*II Мојс. 14,13-20.*	*Сонцето заоѓа во 19 43*	
12.	*Сабота*	*Псалм 27,1-6.*	*Сонцето заоѓа во 19 44*	
13.	*Недела*	*II Мојс. 105,37-45.*	*III Свед., 505.*	*Ис. 40,1-5.*
14.	*Понеделник*	*II Мојс. 15,1-7.*	*III Свед., 506.*	*II Кор. 10,4.5.*
15.	*Вторник*	*II Мојс. 15,8-13.*	*III Свед., 507.*	*Мат. 11,11-14.*
16.	*Среда*	*II Мојс. 15,14-18.*	*III Свед., 508.*	*I Јов. 4,7-9.*
17.	*Четврток*	*II Мојс. 15,23-27.*	*III Свед., 509.*	*Јован 1,14-16.*
18.	*Петок*	*II Мојс. 17,1-4.*	*Сонцето заоѓа во 19 50*	
19.	*Сабота*	*Псалм 28,6-9.*	*Сонцето заоѓа во 19 51*	
20.	*Недела*	*I Кор. 10,1-5.*	*III Свед., 510.*	*Јован 1,19-23.*
21.	*Понеделник*	*II Мојс. 17,10-16.*	*III Свед., 511.*	*Јован 1,25-29.*
22.	*Вторник*	*I Сам. 15,1-3.*	*III Свед., 512.*	*Јован 1,30-34.*
23.	*Среда*	*II Мојс. 19,9-14.*	*III Свед., 513.*	*Јован 1,35-39.*
24.	*Четврток*	*II Мојс. 19,16-20.*	*III Свед., 514.*	*Јован 1,40-42.*
25.	*Петок*	*II Мојс. 20,18-21.*	*Сонцето заоѓа во 19 57*	
26.	*Сабота*	*Псалм 30,1-7.*	*Сонцето заоѓа во 19 57*	
27.	*Недела*	*Евр. 12,18-21.*	*III Свед., 515.*	*Јован 1,47-49.*
28.	*Понеделник*	*II Мојс. 23,20-23.*	*III Свед., 516.*	*Јован 1,50.51.*
29.	*Вторник*	*II Мојс. 24,6-10.*	*III Свед., 517.*	*Езек. 34,26-28.*
30.	*Среда*	*Откр. 2,10.11.*	*III Свед., 518.*	*II Петр. 1,3-8.*
31.	*Четврток*	*Откр. 3,19-22.*	*III Свед., 519.*	*Пс. 119,14-16.*

Јуни - 2012.

Дат.	Ден	Утринска молитва	Вечерна молитва	За оние кои немаат свед.
1.	*Петок*	*Псалм 106,19-23*	*Сонцето заоѓа во 20 02*	
2.	*Сабота*	*Псалм 31,19-24.*	*Сонцето заоѓа во 20 03*	
3.	*Недела*	*II Мојс. 3217-21.*	*III Свед., 520.*	*Јован 2,9-11.*
4.	*Понеделник*	*Дела 7,39-43.*	*III Свед., 521.*	*Пс. 69,6-9.*
5.	*Вторник*	*II Мојс.33,11-15.*	*III Свед., 522.*	*Мал. 3,1-3.*
6.	*Среда*	*II Мојс.33,18-23.*	*III Свед., 523.*	*I Кор. 3,16.17.*
7.	*Четврток*	*II Мојс.34,5-10.*	*III Свед., 524.*	*I Кор. 6,19.20.*
8.	*Петок*	*II Мојс.34,27-30.*	*Сонцето заоѓа во 20 07*	
9.	*Сабота*	*Псалм 32,1-8.*	*Сонцето заоѓа во 20 08*	
10.	*Недела*	*III Мојс.23,23-30.*	*III Свед., 525.*	*Михеј 7,18-20.*
11.	*Понеделник*	*Јоил 2,15-19.*	*III Свед., 526.*	*Ефес. 2,19-22.*
12.	*Вторник*	*III Мојс.26,3-6.*	*III Свед., 527.*	*Кол. 1,26-28.*
13.	*Среда*	*Амос 9,13-15.*	*III Свед., 528.*	*Кол. 1,14-16.*
14.	*Четврток*	*IV Мојс.12,3-8.*	*III Свед., 529.*	*Зах. 6,12.13.*
15.	*Петок*	*Евр. 3,1-6.*	*Сонцето заоѓа во 20 10*	
16.	*Сабота*	*Псалм 33,1-5.*	*Сонцето заоѓа во 20 11*	
17.	*Недела*	*IV Мојс. 14,18-23.*	*III Свед., 530.*	*Евр. 12,22-24.*
18.	*Понеделник*	*IV Мојс. 16,44-48.*	*III Свед., 531.*	*Евр. 9,11.12.*
19.	*Вторник*	*Откр. 8,1-5.*	*III Свед., 532.*	*Евр. 7,25-27.*
20.	*Среда*	*IV Мојс. 20,7-12.*	*III Свед., 533.*	*Евр. 4,14-16.*
21.	*Четврток*	*Псалм 106,32-36.*	*III Свед., 534.*	*Евр. 2,17.18.*
22.	*Петок*	*IV Мојс. 21,6-9.*	*Сонцето заоѓа во 20 12*	
23.	*Сабота*	*Псалм 33,12-22.*	*Сонцето заоѓа во 20 12*	
24.	*Недела*	*Јован 3,14-17.*	*III Свед., 535.*	*Јован 3,1-3.*
25.	*Понеделник*	*IV Мојс. 23,5-10.*	*III Свед., 536.*	*Јован 3,5-7.*
26.	*Вторник*	*IV Мојс. 23,18-23.*	*IV Свед., 9.*	*Јован 3,8-12.*
27.	*Среда*	*IV Мојс. 24,15-17.*	*IV Свед., 10.*	*Јован 3,14-16.*
28.	*Четврток*	*Мат. 2,1-6.*	*IV Свед., 11.*	*Јован 3,17-19.*
29.	*Петок*	*Откр 2,16-17.*	*Сонцето заоѓа во 20 13*	
30.	*Сабота*	*Псалм 126.*	*Сонцето заоѓа во 20 12*	